# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ

БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК

» за сегашни и за идни пензионери

NLB Тутунска банка

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

Година VI, број 62

ISSN 1857-7660

20 септември 2013 година


## Кон јубилеите

Славиме. Покрај сите траорни години на мојот народ во минатото и денес, славиме. Од Херонеја до Литванија, мојот народ покрај победи имаше и има и недоброени порази. Но, денес славиме.

Секој народ во својата историја покрај траорните настани бележи и настани на восхит. На патот кон изгрејсонцето, жртвите не се заборават, и затоа, годишнините од поразите се одбележуваат, а годишнините од победите се слават.

Слава им на оние што паднаа за татковината.

Честитки за оние што преживеаја во жарот на борбите, востанијата, револуциите и реформите.

Надежи за оние кои не веруваат во силата на својот народ да го изоди патот низ сите сцили и харибди до изгрејсонцето за сите граѓани на нашата северна, јужна, западна, источна, словенска, демократска, македонска Република Македонија!

Ги преживеавме поразите на времето и просторот, од Беласица до Карпалак и Вејце, но го обновивме царството и Републиката. На многу години. За навек!

Жртвите и хероите се на истиот пиедестал. Жртвите и хероите паднаа и продолжија да ги остваруваат истите идеали за кои македонскиот народ низ етничката реинкарнација како феникс се надвишија над својата судбина и над својот опстанок. Без двоумење и низ многу дилеми на патот до слободата Република Македонија стигна до 8 септември 1991 година. До успешниот Референдум за озачување на својата вековна волја за слобода и светлост!

Ги минавме и преживеавме годините (битката на Херонеја во 34 година, поразот на Беласица во 1014 година, Првиот Илинден 1903 година, Вториот Илинден 1944 година, Третиот Илинден 1991 година, поматениот ум 2001 година), на болка и страдање. Ги минавме светите години на слава и величие. Не еднаш македонскиот народ покажа свест и сила да се надмине себе си во понижувањата и гордоста. Да опстои на новозаветните ветрометини, замки и подмолни игри на своите неистомисленици, недобронамерници, лажни пријатели и ненајавени непријатели.

Ги минуваме и денешните секојдневни „добронамерни” совети, помош и мудрувања од сите страни да се откажеме од себе си „за наше добро”! Имаме, и ќе најдеме и мудрост и сила да се откачиме и од овој лишај залепен за лицето на татковината, на совеста на нашиот човек! Ќе бидеме тоа што сме, еднакви со сите други околу нас, до нас и во светот, оти, ние не нафаќаме ничие дело, не засенуваме ничија светлина, не загрозуваме ничие его. Го сакаме светот. Дававме и даваме доблести за сеќиј мирен напредок и слобода. Ќе ја зачуваме и нашата слобода и напредок.

Ја имаме. Некои велат 22 години, некои велат 65 години, некои 107 години. Јас велам милениум. Инаку не би биле тоа што сме денес. Со сите превиди што личат на детски палавости, со сите свесни и несвесни грешки, со сите разединувања и повици за обединување, со сите гордости и разочарувања. Ние сме и остануваме на светската сцена како свои и како дел од светот.

Да ни е честита 22–годишнината од Референдумот за независност, факелот на нашето севкупно траење и истрајност!

Да ни е честита независноста на Република Македонија, слободата на македонските граѓани, светлината на дните!

Веруваме во себе, веруваме во мудроста на народот.

Водство, следете го пулсот на народот, тој никогаш нема да изневери!

За многу години!

* * *

Најмасовната општествена организација во државата, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија оваа година го одбележува својот 67 роденден. Скоро еден просечен човечки животен век. Не е малку. Но требаше да се изоди пат, да се открие интересот на членството, да се создаде современа структура на организацијата, да се осмисли содржина на активности. Да се мотивираат луѓето да излезат од затвореноста, да почнат масовно да комуницираат. Требаше да се мотивираат внатрешните сили и да се амортизира отпорот кон активен живот по пензионирањето на луѓето. Требаше да се воспостават односи со институциите на државата за да се решаваат виталните прашања од егзистенцијалната сфера на интерес на луѓето. Требаше да се најде секој себе си во таа организација за да се омасоват дејностите за активен живот на многу резигнирани лица, што од животната ситуација, што од транзицијата, што од безидејноста на празниот ден. Тоа е пензионерската организација. Направи многу чекори тие потреби на пензионерите да ги анимира, организира, изведе. Остануваат уште многу работи, до некоја следна годишнина.

* * *

Во пресрет на двете значајни годишнини, Денот на независноста и Денот на пензионерите на Република Македонија, се придржуваме со уште една убава пригода – свечениот број на весникот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија „Пензионер плус”. Роден како идеја на актуелниот претседател на Сојузот, информативниот месечник на организацијата стана придружен член на 6.000 пензионерски домаќинства, на многу општествени и државни институции, производ со марка.

Содржината на весникот, идејно, тематски, графички, територијално, ги опфаќа и ги третира највиталните прашања, активности, настани и информации од интерес на пензионерите. Весникот секојдневно навлегува во интересните сфери на пензионерскиот живот и станува незаменлива алатка за меѓусебното комуницирање и информирање на пензионерските организации за она што се случува дома, кај соседот, во државата, сврзано со животот на пензионерите.

Да го одбележиме и овој број. На неговите новинари и на редакцијата да им посакаме успешно продолжување и развој. Со среќа.

**Методија Ст. Тошевски**

## ВО ОВОЈ БРОЈ...


ИНФОРМИРАЊЕТО ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ стр. 2

18-ТИ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА 7 СЕПТЕМВРИ 2013 ВО ШТИП стр. 3, 4 и 5

ОТВОРАЊЕТО НОВИ КЛУБОВИ ПРИОРИТЕТ стр. 7





ХРОНИКА стр. 8

АКТИВНОСТИ стр. 9





„МАЈКА ТЕРЕЗА” ЗА ЦВЕТИН стр. 10

ПЕНЗИОНЕРИТЕ ПЕАТ стр. 10





PENSIONISTËT TË MAHNITUR ME TEATRIN E RI стр. 13





ЗДРАВСТВО стр. 14

ТРЕСКАВЕЦ ПОБЛИЗОК И ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ стр. 16




**ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА 20-ти СЕПТЕМВРИ НА СЕГАШНИТЕ И НА ИДНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ИМ ГО ЧЕСТИТА СЗПМ**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.

НЛБ Сребрен пакет

NLB Тутунска банка


18 –ти Републички пензионерски спортски натпревари

## Нашето единство - наша победа

На 7. септември во Штип се одржаа 18. републички пензионерски спортски натпревари. Значајната пензионерска спортска манифестација беше одржана и по повод 22 години од независноста на Република Македонија. Пензионерите Денот на независноста 8 Септември го празнуваат со почит и достоинство зашто мнозинства од нив се и директни учесници и имаат дадено придонес во осамостојувањето на нашата земја, во остварувањето на сонот за независна Македонија, која е плод на единството, а единството носи победа! И денес, 22 години подоцна, ние пензионерите со гордост го празнуваме 8 Септември, како наш ден, како ден за паметење.





Во септември, пензионерите слават уште еден значаен ден – Денот на пензионерите на Македонија. Затоа го славиме со многу манифестации. Една од нив е и 18. републички пензионерски спортски натпревари, нашата пензионерска спортска олимпијада. На 7. септември се собравме во Штип, во градот под Исарот со мисла и желба: нашето единство да биде наша победа. Нашето заедништво да биде наш поттик за поголеми резултати, за подобар стандард, за поквалитетен живот и за активно стареење. 1.500 пензионери стоеја простум додека одекнуваше химната на Република Македонија. Сите бевме еднакви и при обраќањето на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов кој беше покровител на 18. републички пензионерски спортски натпревари, со што им направи чест на 250.000 пензионери членови на Сојузот. Со присуството тој покажа дека Владата на Република Македонија се грижи за своите најстари граѓани, за ветераните на трудот.

Еднакви бевме и при обраќањето на Драги Аргировски, претседател на најбројната невладина мултиетничка асоцијација, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Еднакви бевме и кога ни пожелија добредојде и им посакаа успех на натпреварувачите градоначалникот на Штип Илчо Захариев, градоначалникот на Карбинци Зоран Минов и претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев.

Натпреварите почнаа и се одвиваа во атмосфера која ретко каде може да се сретне. Се натпреваруваа луѓе на поодмината возраст со невидена желба да се победи. И во тоа беа единствени. И уште еднаш нашето единство беше наша победа!

Победија најдобрите и најподготвените. По третпат победници беа пензионерите спортисти од Охрид и Дебрца. По третпат во рацете им блесна победничкиот пехар кој е нивна трајна сопственост. Уште посилен беше сјајот на заедништвото и единството кое беше присутно во честитките, прегратките, песната и орото...



Така се сака својата земја. Така се гради соживот. Така се старее здраво и активно. Така се дава пример на генерациите кои доаѓаат.

**Калина Сливовска Андонова**

Седница на ИО на СЗПМ

# Информирањето предуслов за добри резултати



На 27 август 2013 година Извршниот Одбор на СЗПМ одржа седница на која покрај членовите на ИО беа присутни и: Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ, Крсте Ангеловски, претседател на СЗП на град Скопје, Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт, на ИО на СЗПМ, Милевка Здравковска претседател за Комисијата на ИО на СЗПМ за културно забавен живот, Михаил Василев, претседател на ЗП Штип и Карбинци, Никола Ивановски, претседател, на Комисијата за спорт на ЗП Штип Карбинци и Томче Стојков, претседател на Комисија за подршка на културни манифестации и издаваштво на СЗПМ, за 2013 година.

Седницата беше свикана за да се информираат членовите на Извршниот Одбор на СЗПМ за постигнатите резултати на 18. регионални спортски натпревари, како и за подготовките за претстојните 18. републички пензионерски спортски натпревари, за 7 септември 2013 година во Штип. Исто така, на седницата беше поднесена и информација за регионалните и Републичката Ревија на песни, музика и игри 2013.

Претседателот на Комисијата за спорт на ИО на СЗПМ **Здравко Петковски** го образложи извештајот за регионалните спортски натпревари кои успешно беа реализирани во 8 региони во државата, нагласувајќи дека натпреварите се сè поквалитетни и помасовни. За подготовките информираше **Михаил Василев**, претседател на ЗП Штип и Карбинци, кој истакна дека здружението се труди и дава се од себе, 18. републички пензионерски спортски натпревари 2013, да се одржат квалитетно и на највисоко ниво.

**Милевка Здравковска** претседател за Комисијата на ИО на СЗПМ за културно–забавен живот, информираше за шесте регионални ревии на песни, музика и игри кои се одржаа по единаесетти пат, како и за Републичката ревија 2013, на која покровител беше министерката за култура Елизабета Канческа–Милевска и при тоа истакна дека од година во година ревиите на песни, музика и игри се сè помасовни и поквалитетни и попримаат еден вид натпреварувачки карактер, што е за пример на младите генерации како се чува културното наследство на една земја. Режисерот **Томче Стојков** кој беше селектор на оние кои ќе настапат на Републичката ревија 2013, рече дека имал многу тешка задача бидејќи речиси сите кои настапувале на регионалните ревии се труделе и биле добри.



Томче Стојков, кој е и претседател на Комисија за поддршка на културни манифестации и издаваштво од страна на СЗПМ, за 2013 година даде извештај за работата на комисијата и нагласи дека оваа поддршка е поттик и охрабрување за пензионерите да творат.

На крајот од седницата претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му врачи благодарница на Крсте Ангеловски, претседател на СЗП на град Скопје, кој беше успешен домаќин на Републичките ревии на песни, музика и игри во 2012 и 2013 година кои се оддржаа во Универзалната сала во Скопје.

**К.С. Андонова**

Меѓуопштински спортски игри на пензионерите во Крива Паланка

# Со спортување се одржува младоста

Во релаксирана и пријателска атмосфера, на 22 август годинава, во Крива Паланка по 26–ти пат се одржаа Меѓуопштинските спортски игри на кои учествуваа претставници на Здруженијата на пензионери од Кратово, Пробиштип, Свети Николе и домаќините од Крива Паланка. Овие игри имаат забавен карактер, каде најважно е заедничкото дружење, а не резултатот.

– Секоја година имаме сè поголем интерес за учество на пензионерите на Меѓуопштинските игри, кои се организираат на секои три месеци, а четирите општини по ред се појавуваат како домаќини. Најважно е што на ова натпреварување има многу забава, дружење, ведро расположение, отколку крута настроеност за победа и напната атмосфера за подобар резултат. Обично има по 15 учесници од секое Здружение, а учесниците се натпреваруваат во 6 дисциплини – шах, пикадо, карти, билијард, домино и табла. Задоволство е што во игрите подеднакво се вклучени и пензионерите и пензионерките, кои на овој начин ја одржуваат својата виталност. Активни се и креативни во секој поглед и го јакнат спортскиот дух, истакнува Арсен Илиевски, потпретседател на Здружението на пензионери од Крива Паланка.



Од ова Здружение посебно се почестени што годинава Меѓуопштинските игри ги отвори градоначалникот на Крива Паланка Арсенчо Алексовски и што гостин беше и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на РМ, Драги Аргировски.

– Спортските игри на овој регион и нивниот меѓуопштински карактер се всушност предвесници и главни „виновници” за организирање на Републичките спортски натпревари на пензионерските здруженија. Сите овие спортски организирања имаат за цел пензионерите да излезат од своите домови, од четирите ѕидови и да се дружат, радуваат, да ја почувствуваат енергијата додека се подготвуваат за натпреварите, како и да комуницираат. Така се создава здраво тело, а со спортскиот елан се одржува младоста на духот, – посочува претседателот Аргировски.

Меѓуопштинските игри во Крива Паланка, како и секогаш завршија со заедничка песна и оро, а пензионерите беа полни со чувство на задоволство од прекрасно поминатиот и исполнет ден.

**Ж. Цветковска**

ЗП Куманово

# На еко- хепенингот - масовно и весело

На 17 август 2013 година, ЗП Куманово по единаесети пат за свои членови и за пензионери од други здруженија во Република Македонија, ја организираше летната манифестација „Еко–хепенинг“. Овој традиционален излет во природа беше организиран во Рекреативниот центар кај славно Пелинце, во кој е лоциран и Спомен–музејот на АСНОМ .



Под сенките на дебелите столетни дрвја и жуберкањето на Пчиња, другаруваа над 2500 пензионери од петнаесет пензионерски здруженија од Република Македонија и нивни колеги од Врање, соседна Србија. Добредојде на присутните им посака домаќинот **Спирко Николовски**, претседател на ЗП Куманово, при што потсети на револуционерното минато на славно Пелинце и на историското значење на Првото заседание на АСНОМ, одржано во непосредна близина во манастирот „Прохор Пчињски“, сега во соседна Србија. Од името на општина Куманово се обрати претседателот на советот **Максим Димитриевски**, а поздравно обраќање имаше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**.

Редовно присутен на сите поголеми и позначајни пензионерски средби во државата, претседателот Аргировски го потенцираше значењето на ваквите масовни пензионерски активности и на спортско–рекреативните и културно– забавните манифестации, преку кои, како рече, годишно се анимираат околу 300 000 пензионери, што претставува рекорд во европски рамки. Посакувајќи пријатни мигови и незаборвно дружење на овој простор, тој го прогласи „Еко–хепенингот” за отворен.

Потоа, во поткозјачијата се слушаа звуците на музиката и на убавата македонска песна, што ги расположи посетителите, кои заедно пееа и играа до попладневните часови. Многумина кои првпат овде дојдоа, го посетија Спомен музејот на АСНОМ и преку експонатите изворно се запознаа со значењето на Заседанието. Во Рекреативниот центар се слушаа и повеќе говорни дијалекти, а се дружеа и заедно рекреираа пензионери кои овде се запознаа.Така, старите познаници ги зацврстија врските, а новите познанства и договори за соработка ќе придонесат во натамошното зближување и засцврстување на пријателствата. Задоволни од средбата, на крајот сите ја прифатија поканата на ЗП Куманово идната година повторно да се сретнат на истото место.

**Татјана Антиќ**

# Без одмор и за време на одморите



Неодамнешната анализа на реализацијата на програмските активности на ЗП Карпош – Скопје во изминатиот период покажа дека и за време на годишните одмори здружението без застој дејствувало и ги извршувало своите програмски задачи. Во извештајот на ИО за шестомесечието регистрирано е дека се постигнати забележителни успеси, а средствата строго наменски се користени.

Претседателот на ИО Трајко Савески истакна дека без оглед на одморите здружението со засилено темпо ги извршува своите задачи. Во дејствувањето поголемо значење се дава на хуманитарно–социјалната димензија, а во таа насока беше доделена еднократна парична помош на 59 членови со ниски пензии од сите ограноци.

Исто така, треба да се истакне дека Здружението презема мерки за подобрување на архивското работење за што изврши технолошки подобрувања на компјутерскиот систем и сега се работи на формирање електронска евиденција и архивирање на документацијата. Зголемена активност има и Активот на пензионерки, а според претседателката Ратка Коколанска, покрај редовните средби и организирање активности, пензионерките во летниот период посетиле десетина болни и изнемоштени членови потсетувајќи ги дека не се заборавени.

Бројни активности остварила и Комисијата за културно–забавен живот, преку настапите на хорот „Серенада” по разни поводи, а претседателката Лидија Јеремиќ настапи на одбележувањето на 50–годишнината од Скопскиот земјотрес и на „Струшките вечери” на поезија во рамките на „Ноќите без интерпукција”.

**М.Д.**

# Отворени три пензионерски клубови во Општина Бутел

За потребите на постарите лица локалната самоуправа од Бутел отвори три пензионерски клуба во неколку населби. Во нив граѓаните ќе може да се дружат во текот на целиот ден и да се релаксираат играјќи шах, табла, домино, карти или пикадо.

Во Бутел 2, објектот има површина од 80 квадратни метри и е веднаш до детската градинка. Во Скопје – Север е пуштен во употреба вториот клуб од 60 квадратни метри. Имајќи предвид дека во таа населба Општината нема свој простор, надлежните ќе плаќаат месечна закупнина од 10.000 денари.

Ваквиот принцип ќе се применува и за пензионерските клубови што допрва ќе се отвораат. Ако во конкретната населба општината поседува свој простор, ќе им го отстапи на пензионерите, а ако нема, општината ќе закупи прифатлив простор.



Третиот пензионерски клуб е сместен во трговскиот центар „Живко Брајковски” и е всушност седиште на Здружението на пензионери. Неговата корисна површина е 100 квадратни метри. Во подготовка се клубови во Љуботенски пат и во Радишани, а се бара простор за клуб во населбата Бутел 1.

**М.Д.**

ЗП Демир Капија

# 14 пензионери учествуваа на турнирот Богородица 2013



Од памтивек во Демир Капија во чест на големиот христијански празник Голема Света Богородица се одржува дводневен панаѓур на кој доаѓаат голем број гости и трговци од повеќе краишта во нашава земја. Од пред три години Општината Демир Капија стана организатор на одржување турнир во мал фудбал посветен на овој празник на кој учествуваат голем број спортисти од Демиркаписка,Неготинска, Кавадаречка и Росоманска општина. На овој турнир во мал фудбал по третпат учествуваа и пензионерите од Демир Капија, организирани од ЗП Демир Капија. Поделени на две екипи тие се натпреваруваа пред голем број пензионери. Натпреварувачите на крајот на турнирот добија благодарници од градоначалникот на општината Демир Капија, Трајче Димитриев.

**Мице Пашоевски**

**18-ти РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО ШТИП**

# Пензионерите - значајна алка во социјалниот живот во секоја држава






Иоваа година по осумнаесетти пат се одржаа Републичките пензионерски спортски натпревари, овој пат на 7. септември во Штип. Убавото време и септевриското сонце го зголемија сјајот на овој значаен ден за пензионерите од повеќе аспекти.

Натпреварите се одржаа во пресрет на големиот македонски празник Денот на независноста на Република Македонија, 8–ми септември. Пензионерите спортуваа и се натпреваруваа и во чест на 20 септември, Денот на пензионерите на Македонија. Се се одвиваше во убава и другарска атмосвера, од добредојдето што им го посака претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев, до поддршката за пензионерите што ја искажаа градоначалниците Илчо Захариев и Зоран Минов, до свеченото обраќање на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов кој ги прогласи. Републичките пензионерски спортски натпревари за отворени.

Со други зборови 7. септември 2013 година во Штип ќе биде ден кој со денови пензионерите ќе го прераскажуваат и паметат.

К.С.А.

## Свечено обраќање на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов



Ми претставува особена чест и задоволство да се обратам на овој ден посветен на Републичките пензионерски спортски натпревари во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во текот на своето постоење се развиваше во една од најбројните организации во Републиката чија главна дејност е заштита на правата и интересите на корисниците на пензија и секако нивно интегрирање во социјалниот живот. Преку организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер ова здружение придонесува во подобрување на состојбата на корисниците на пензија во Република Македонија.

Денешната манифестација овозможува дружење со пензионерите и споделување на нивните искуства, како и можност за продлабочување на соработката со цел подобрување на нивниот статус. Оттука, Министерството за труд и социјална политика како покровител на оваа манифестација ја поддржува реализацијата на настани и програми кои се однесуваат на корисниците на пензија и нивните интереси. Би сакал да истакнам дека пензионерите се значајна алка во социјалниот живот во секоја држава, бидејќи располагаат со искуства и знаење коешто го применувале во развојот на нашата држава и истото треба да го пренесат на помладите генерации.

Република Македонија во Уставот се дефинира како социјална држава и таа се грижи за граѓаните преку обезбедување на социјална сигурност и пристап до социјалните права.

Соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, а особено кога се работи за социјалните права и интереси.

Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите.

Треба да потсетам дека во 2006 година просечната пензија изнесуваше 7683,00 денари, а во јули 2013 година 11,565,00 денари. Почнувајќи од 2006 година до сега просечната пензија се зголеми за 50,52%, најниската пензија од 2006 година до сега се зголеми за 64,5% и дека исплатата на пензиите, се врши во првата седмица од месецот.

Економската криза има влијание и врз социјалното осигурување, особено врз пензиите и нивната исплата. Некои држави преземаа рестриктивни мерки во пензиското осигурување што резултираа со намалување на правата или „замрзнување" на висината на пензијата за неколку години.

Во Република Македонија пензиите се исплатуваат редовно и се врши законското усогласување според порастот на платите и трошоците за живот два пати годишно. Со цел подобрување на социјалната положба на корисниците на пензија, покрај редовното законско усогласување на пензиите кое се врши два пати годишно, според порастот на платите и трошоците за живот, во 2013 година се изврши дополнително усогласување на пензиите. Од март 2013 година со исплатата на февруарската пензија секој пензионер доби дополнително усогласување на пензијата од 550,00 денари.

Овој тренд ќе продолжи и во иднина. Во програмата за работа на Владата на Република Македонија дефинирано е усогласување на пензиите и за наредните години.

Во рамките на програмски активности за обезбедување социјална заштита и социјална сигурност на старите лица во изминатите три години се реализираше проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија".

Владата на Р. Македонија ќе овозможи во периодот од 2012–2015 година, 45.000 македонски пензионери да ја искористат оваа услуга. Потребата од продолжување на проектот произлегува и од интересот којшто корисниците на пензија го искажаа со користење на услугите во 2012 година. Бројот на поднесени барања во 2013 година изнесува 24.893 што покажува дека корисниците на пензија го поддржуваат овој проект и се задоволни од досегашниот развој и имплементација на истиот. Проектот продолжува со негова реализација и во текот на септември и октомври оваа година.

Дозволете ми да истакнам дека и во иднина ќе ја продолжиме и унапредиме соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија не само во овие проекти, туку и во други активности со единствена цел да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот".

Во насока на реализирање на определбата на Владата на Република Македонија да го подобри животот на старите лица беше усвоена Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година, документ со кој е планирана изградба на нови регионални домови за стари лица, со што националните капацитети, ќе се приближат кон европските стандарди за институционална грижа за стари лица.

Исто така, Владата на Република Македонија во 2013 година започна активнос насочена кон подобрување на условите за сместување и престој на корисниците на пензија во пензионерски домови. Во 2013 година Министерството за труд и социјална политика и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги заврши активностите за реконструкција на пензионерскиот дом „Ѓорче Петров" и Чаир во Скопје, како и пензионерскиот дом во Крива Паланка. Со преземените инвестициски работи значително ќе се подобрат условите за живеење на корисниците на пензија во овие пензионерски домови.

Министерството за труд и социјална политика дава отворена поддршка и на сите невладини организации, општини и организации кои работат на полето на заштитата на старите лица и целосно сме подготвени за понудената програмска соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Ги прогласувам 18. Републички пензионерски спортски натпревари за отворени.

Да сте живи и здрави!

## Обраќање на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски



Почитувани пензионерки и пензионери, дами и господа, драги гости пријатели на највозрасната популација.

Денеска на овој прекрасен ден во убав амбиент овде во Штип, ги одржуваме 18–тите Републички пензионерски спортски натпревари кои свечено и достоинствено, спортски и активно на оригинален начин се вклучуваат во одбележувањето на дваесет и две годишнината од независноста на нашата држава. Во прогласената недела на спортот и за овогодишните пензионерски спортски натпревари е прифатен слоганот „Нашето единство–наша победа". Нашите заеднички спортски пулсирања се во знакот и на одбележувањето на 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија.

Но, дозволете ми најпрвин во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во лично име да се заблагодарам на Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов за прифаќањето да биде покровител на оваа значајна пензионерска спортска манифестација, како и за воспоставената успешна соработка, која се одвива во интерес на сите пензионери во нашата земја.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како и секогаш, активно работи на заштита и унапредување на целите и интересите на 250 илјади корисници на пензија. Во таа насока постигнати се забележителни резултати со наше залагање, но и со целосната поддршка на Владата на Македонија. Така, покрај редовното усогласување на пензиите, оваа година, имаше и вонредно зголемување од 5 отсто, со што просечната пензија се зголеми на 11.600 денари или на 190 евра. Истовремено соодносот помеѓу просечната плата и просечната пензија изнесува 55,25 отсто, што е за 5 отсто повеќе од минатата година. Исто така, од почетокот на годинава сите пензионери кои имаат примања помали од просечната пензија се здобија со право на бесплатно болничко лекување, а тоа право го остваруваат над 50 проценти од вкупниот број пензионери во нашата земја.

Покрај тоа, Сојузот посебен успех оствари на шесте регионални и на Републичката ревија на песни, музика и игри 2013. Сите овие ревии Министерството за култура ги прогласи за манифестации од национален интерес за културата на нашата држава.

Со рекордно учество на пензионери ја одбележавме и 110 годишнината на Илинденското востание и 69 годишнината од Првото засаедание на АСНОМ. Заедно со здруженијата на пензионерите организиравме масовни средби на зелено во Дојран, Ораовица, Еленац, Кочани, Пелинце и други, а истакнато присуство на ветераните на трудот беше забележано и на илинденската прослава во Крушево, Пелинце и Скопје.

Со негување на овие традиционални активности, со пријатните атмосфери на дружењата, со поттикнувањето на волонтерството, со збогатувањето на духовната култура и создавање во здраво тело здрав дух, значително се придонесе за подобрување на психо–физичка состојба и надминување на депресијата и меланхолијата во третото животно доба.

Но, се разбира, секогаш може да биде подобро. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и натаму ќе се грижи за подобар, поквалитетен и достоинствен живот на своето членство, за отворање нови клубови и изградба на дневни центри и домови за пензионери и стари лица, а со тоа и за создавање на услови за здраво и активно стареење.

Во знакот на полнолетството на 18–тите републички пензионерски спортски натпревари, треба да се истакне дека масовни и квалитетни беа и спортските игри на општинско ниво и на осумте регионални спортски натпревари на кои учествуваа над 1.650 натпреварувачи, од кои за финалето се квалификуваа 396 и тоа 208 во машка и 188 во женска конкуренција. Во овој убав празничен ден пред 8 септември – Денот на независноста, очекуваме нашата пензионерска олимпијада да мине во фер и спортска атмосфетра.

Нека победат најподготвените и најдобрите.

Нека е долговечен Денот на македонската државност.

комерцијална банка ад скопје

## 18-ти РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО ШТИП

# Сите ја славеа победата на охриѓани


Михаил Василев


Илчо Захариев


Зоран Минов


Здравко Петковски

Осумнаесеттите републички пензионерски спортски натпревари оваа година се одржаа на 7–ми септември во Штип под покровителство на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, а беа помогнати од **Комерцијална Банка АД Скопје** и **Градот Скопје**. Натпреварите ги организираше Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија во чест на одбележувањето на 8–ми септември – Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември – Денот на пензионерите на Македонија. На оваа, таканаречена пензионерска спортска олимпијада, на терените во комплексот „Македонка" – Штип, во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија, се натпреваруваа 396 најдобри претставници од 37 здруженија на пензионери, од кои 208 во машка и 188 во женска конкуренција. Спортските игри ги следеа околу 1.500 учесници, гости и други присутни граѓани.

На ова спортско првенство, на пензионерите им се обрати министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, кој истакна дека и натаму ќе продолжи добрата соработка со Сојузот и здруженијата на пензионери од Република Македонија со единствена цел да се зголемат можностите во решавањето на актуелните проблеми, да им се помогне на пензионерите во остварувањето на правата што им припаѓаат по основ на пензиското и инвалидското осигурување, да им се подобри стандардот и да им се обезбеди достоинствен живот на сите стари лица и на пензионерите. Во таа насока тој ја истакна заложбата на Владата на РМ и на ресорното министерство за доследно спроведување на Програмата и мерките што се однесуваат на пензионерите во сите сегменти на животот, како во Националната стратегијата за стари лица 2010 – 2020 година, така и во другите проекти што ги опфаќаат граѓаните од оваа популација.

Забележително излагање имаше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој ги нагласи бенефитите што ги добија пензионерите благодарение на ангажирањето на Сојузот и поддршката на Владата на РМ. Тој вети дека Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и натаму ќе се грижи за подобар, поквалитетен и достоинствен живот на своето членство, за отворање на нови клубови и изградба на дневни центри и домови за пензионери и стари лица, а со тоа и за создавање услови за здраво и активно стареење.

Во име на домаќинот учесниците и присутните ги поздрави **Михаил Василев**, претседател на ЗП Штип и Карбинци, а поздравни говори одржаа и градоначалниците – на Карбинци **Зоран Минов** и на Штип, **Илчо Захариев**. Изразувајќи благодарност за поканата и задоволство што присуствуваат на игрите, тие ја истакнаа меѓусебната соработка со општинското здружение на пензионери и искажаа подготвеност за поголема помош и поддршка на локалната самоуправа во остварувањето на програмските активности на пензионерите.

Во својот говор Василев изрази задоволство за довербата што им ја укажа Сојузот да бидат домаќини на годинашните републички спортски натпревари и истакна некои позначајни постигнувања на Здружението во изминатиот период. При набројувањето на успесите тој го нагласи значењето на спортските активности за здравјето и квалитетот на животот, а ја истакна и заложбата за изградба на дом за пензионери и стари лица, која со поголем дел сопствени средства и со помош на Општината и на СЗПМ, очекува брзо да се реализира.

Начинот на спроведувањето на натпреварите во 11 спортски дисциплини: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, табла, домино, двобој и тробој, го објасни **Здравко Петковски,** претседател на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Спортското првенство започна со посебен ентузијазам и максимално залагање на сите натпреварувачи, а најдобри резултати и оваа година постигнаа претставниците на ЗП Охрид и Дебрца и по трет пат го освоија преодниот пехар, кој ќе им остане во трајна сопственост. Честитајќи им ја победата, на завршната манифестација пехарот им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, а во името на Здружението го прими претседателот на ИО Ѓорѓи Трпчевски.

На крајот, победниците, како и претходните години, повторно ја запееа „Билјана платно белеше" и сите ја славеа победата. Сите пееа, играа и се веселеа. Посебен придонес во тоа имаше и познатата пејачка Ирена Спасовска, а средбата ќе остане запаметена и по големиот број учесници и по пријатната атмосфера за дружење.

**М.Д.**


















Ѓуле


Ѓуле


Трчање до 60 год.


Трчање над 60 год.

## 18-ти РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО ШТИП

# Охриѓани по трет пат победници

На 18–те републички пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа на 7–ми септември 2013 година, на терените во комплексот „Македонка" во Штип, се сретнаа 396 најдобри претставници на 37 здруженија од цела Македонија, кои во конкуренција на над 1650 натпреварувачи на регионалните средби се изборија за учество на „пензионерската спортска олимпијада". Најдобрите спортисти пензионери се натпреваруваа во 11 дисциплини, во поединечна и во екипна конкуренција. Во мошне изедначена борба, најдобри резултати и оваа година постигнаа натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца и по третпат го освоија највисокото признание – преодниот пехар, што им остана во трајна сопственост.

Во **стрелаштво** со воздушна пушка во женска конкуренција најдобра беше екипата од ЗП Охрид и Дебрца со 221 круг, пред ЗП ОВР – Скопје (211 кругови) и ЗП Кавадарци (208 кругови), а во машка конкуренција првото место го освои екипата на ОВР со 243 круга, втори беа охриѓани со 232 круга, а трети кочанчани со 229 кругови. Медалите на победниците во женска конкуренција им ги врачи **Методија Тошевски**, потпретседател на ИО на СЗПМ, а во машка конкуренција, **Иван Дојчиновски**, член на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Во дисциплината **шах** во женска конкуренција првото место го освои екипата на ЗП Штип, пред ЗП Виница и ЗП Кисела Вода, а во машка конкуренција тетовци го однесоа златото, додека среброто им припадна на кумановци, а бронзата на ЗП Чаир од Скопје. Медалите ги врачија **Доне Тодоровски**, член на ИО на СЗПМ и **Здравко Петковски,** претседател на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Во **пикадо** во женска конкуренција најдобра беше екипата од ЗП Гази Баба, пред ЗП Крушево и ЗП Кавадарци, а во машка конкуренција победниците од ЗП Куманово зад себе ги оставија натпреварувачите од ЗП Кавадарци и ЗП Прилеп. Медали на најдобрите учесници им врачија **Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на СЗПМ и **Спиро Николовски**, член на ИО на ЗСПМ.

Во дисциплината **тегнење јаже** во женска конкуренција пробиштипјанки оваа година им го презедоа приматот на тетовци, кои се симнаа едно место подолу, а натпреварувачките од ЗП Гази Баба го освоија третото место. Како и лани, најсилни во машка конкуренција беа натпреварувачите од Гази Баба, а зад нив останаа учесниците од Пробиштип и Прилеп. Медалите ги врачија **Ѓорге Андонов**, член на ИО на СЗПМ и **Слободан Рафајловски**, член на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Во **фрлање ѓуле** во женска конкуренција во однос на минатата година не се случија никакви промени. Повторно најдобра беше Марија Каракамишева од ЗП Богданци и повторно до неа беше Верица Пулеска од ЗП Охрид, и зад неа, на третото место, Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во машка конкуренција најдобар беше Гласе Симоновски од ЗП Неготино, втор Милалем Билаловиќ од ЗП Охрид и трет Блажо Станојков од ЗП Куманово. Медалите ги врачија **Рамиз Ќазимовски** и **Душан Ристески,** членови на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **трчање** жени до 60 години, првото место и припадна на победничката од минатата година Благица Маркулеска од Охрид, второто на Лепа Младеновска од Киселоа Вода, а третото на Доста Михајловска од ЗП Битола. Во истата дисциплина, но во категоријата над 60 години, најдобра беше Блага Михова од Кочани, пред Павлина Камчева од Струмица и Радица Симевска од Ѓорче Петров. Медалите ги врачи **Александар Захариев**, член на ИО на СЗПМ.

Во машка конкуренција во трчање до 60 години повторно најбрз беше минатогодишниот победник Моме Цветановски од Куманово, пред Мице Мицоски од Прилеп и Нијази Тахири од Тетово. Во категоријата над 60 години победи Ѓорѓи Јованов од Радовиш, втор беше Благој Цветаноски од Кратово, а трет Блаже Србиновски од Охрид. Медалите ги врачи **Надежда Давчева**, член на ИО на СЗПМ.

Во поединечната дисциплина **скок од место** се натпреваруваа само мажи и најдалеку скокна Марјан Николовски од ЗП Охрид, пред Мирослав Кузмановски од Прилеп и Ѓорѓи Николов од Кочани. Медалите им ги врачи **Адем Османфари**, член на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **домино**, во женска конкуренција најдобра беше Царка Доклевска од ЗП Тафталиџе, пред Лефка Николоска од Охрид и Љиљана Шароњева од Радовиш, а од мажите, првото место му припадна на Стоилко Крајнин од Ѓорче Петров, второто го освои Ѓорѓи Соколовски од Делчево и третото, Божидар Ристовски од Валандово. Медалите ги врачи **Михаил Василев**, претседател на ЗП Штип и Карбинци.

Првото место во **табла** – жени го освои Мирјана Чалова од ЗП Демир Капија, второто Славица Јованова од ЗП Прилеп и третото Станојка Атанасова од ЗП Делчево. Во машка конкуренција најдобар беше Јован Тошев од Неготино, пред Стефан Илиевски од Куманово и Љупчо Кантурски од Струмица. Медалите им ги врачи **Јован Ефтимов**, член на ИО на СЗПМ.

Во најмашката дисциплина **тробој** првото место го освои Влатко Спасовски од ЗП Куманово, второто Ѓорѓи Јаневски од ЗП Охрид и третото, Ристо Нетков од ЗП Штип.

Во **двобој** жени повторно победи охриѓанката Љупка Трифуноска, второ место освои Снежана Спасовска од Тетово, а трето Јасмина Тодоровска од Куманово. Медалите ги врачи **Јордан Костадинов**, член на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ.

Според Правилникот, во трите дисциплини: стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција, беа прогласени и најдобрите поединци на кои секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова** им врачи посебни пехари. Епитетот најдобри меѓу најдобрите го заслужија: Мирослава Бошњаковска и Зоран Саздов (ОВР Скопје) – **стрелаштво**, Шенка Балтовска и Јакуп Лука (Тетово) – **шах**, Севда Димитрова и Митко Митевски (Кавадарци) – **пикадо**.

Сепак, најмногу се радуваа севкупните победници од ЗП Охрид и Дебрца, кои трипати по ред го освојуваат преодниот пехар, кој им останува во трајна сопственост. Ова највисоко признание на победниците им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Славејќи ја победата сите заедно ја пееја песната Билјана платно белеше, која спонтано ја прифатија и другите присутни. На крајот, сите се радуваа и второпласираните од Куманово и третопласираните од Прилеп.

**Текст и фотографии: Мендо Димовски**
**фотографии: Зоран Андреески - Трио маркетинг**
**Петар Андреевски**


Трчање до 60 год.


Трчање над 60 год.


Домино


Домино


Табла


Табла


Скок од место


Шах


Шах


Стрелање


Стрелање


Тегнење јаже


Тегнење јаже


Најдобри поединци


Пикадо


Пикадо


Пехарот на најуспешното здружение




# Топ форма за Вашиот ум.

## Подобра циркулација, за сила на Вашиот ум

Редовната употреба на Билобил:

- Го подобрува протокот на крв во мозокот со намалување на вискозноста на крвта и со ширење на крвните садови.
- Ја подобрува функцијата на мозочните клетки со зголемување на искористеноста на кислород и гликоза во клетките.
- Помага во заштита на мозочните клетки, со неутрализирање на слободните радикали.

Билобил содржи екстракт од Гинкго билоба




www.krka.mk

Билобил®

KRKA

*Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.*

Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

Разговор со Лена Семенакова, претседател на ИО на ЗП Гевгелија

# Отворањето нови клубови приоритет



**● Вие сте претседател на ИО на ЗП Гевгелија. Кажете ни какви беа активностите на Вашето здружение во изминатиот период и што планирате за наредните месеци?**

Според Програмата за работа на ЗП Гевгелија за 2013 година првата активност беше реализација на Одлуката на ИО за отварање клубови на пензионери во населените места на општината. Целосно реконструиравме три објекти во Богородица, Прдејци и Мрзенци, а адаптиравме постоечки простории во Негорци и Миравци. Сите Клубови се опремени со нов инвентар, обновена е електричната и водоводната инсталација, санитарните простории, чајните кујни, а набавени се и телевизори и камин печки за зимскиот период. Од повремените посети на клубовите и секојдневната комуникација со пензионери, посетеноста во клубовите е редовна и за прв пат имаат можност да се дружат на свој сопствен простор. На почетокот на годината беше отворен и ресторанот во приземјето на Пензионерскиот дом Гевгелија. Не радува и фактот што во повеќе наврати истите овие клубови ги отстапуваме за потребите и на младите во оние населени места каде немаат друг простор за одржување на некоја нивна манифестација.

Но, како и секаде здружението има и свои проблеми кои настојуваме да ги решиме. Најголемиот проблем е поврзан со имотно правни односи. ЗП Гевгелија со сопствени средства има изградено три Пензионерски дома со 44 станбени единици и деловен простор од околу 500 м2. До доаѓањето на овој состав на раководни органи и поединци, не беше покренато прашањето за остварување на правото на сопственост, иако за тоа постои документација. За жал, во изминатиот период со разни записници, преписки и интерни договори отуѓен е цел еден Пензионерски домсо просторија за амбуланта и аптека. Со посебна постапка одземени се и 8 станбени единици во вториот пензионерски дом за што веќе една година бараме увид во списите на Агенцијата за недвижности и катастар Гевгелиија за правниот основ на таквата промена, но до денес не добивме одговор. Имаме имотен лист за само 10 станбени единици, а безуспешно водиме постапка за издавање на Имотен лист за Првиот пензионерски дом, каде се сместени просториите на ЗП и ресторанскиот дел, но и покрај еден куп документација која постои за сопствена изградба на објектот, објектот го прогласил за дивоградба и покренал постапка за легализација, за што ни е пресметан надоместок за комунално уредување околу 20.000 евра. Се прават напори за решавање на овој спор.

Инаку, во изминатиот период од годинава, во согласност со Програмата на СЗПМ, ЗП Гевгелија учествуваше на Регионалната ревија на песни, музика и игри во Велес со нова играорна група на пензионерки од Миравци. Музичко–сценската изведба на „Ѓура Мара", традиција од околу пет века не остана незабележана. Оваа играорна група заедно со КУД „Танец", од Миравци беше претставник на општина Гевгелија во рамките на манифестацијата „10 дена Крушевска Република" во Крушево, како и во село Хума на манифестацијата по повод заштитникот на селото „Свети Пантелејмон". Нашата пејачката група, која оваа година прославува десет години од формирањето, е веќе доволно афирмирана и позната по своите настапи, како што се: учеството по повод „Свети Спас" заштитникот на Гевгелија, на манифестациите „Пензионерите пеат" во Валандово и Битола и други. На 28 септември ние ќе бидеме домаќини на ваква манифестација, а ќе гостуваме во Неготино и Велес. Активно ќе се вклучиме и во прославата на 7 ноември, Денот на ослободување на Гевгелија.

На Регионалните спортски игри одржани во Неготино, ЗП Гевгелија учествуваше во 11 дисциплини, а тимот на пензионерки во дисциплината тегнење јаже го освои првото место со што стекна право на учество на Републичките спортски игри во Штип. Големо интересирање имаме и за екскурзии надвор од Р. Македонија. Околу 150 пензионери беа во еднодневна посета на Р. Грција, а околу 100 во посета на Р.Србија и Р. Бугарија.

**● Задоволно ли е здружението од соработката со локалната самоуправа?**

Поддршка за реализацијата на клубовите на пензионери во населените места имавме во најголема мера од градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов, а во рамките на потпишаната спогодба за соработка, ни се дадени три објекти сопственост на општината, без надомест. Градоначалникот ја задолжи Комисијата за управување со општинскиот имот во рамките на локалната самоуправа да ни помогне за обезбедување согласност во сите институции за што поскоро отворање на клубовите. По наше барање во дополнувањето на буџетот на општина Гевгелија за 2013 год. прифатена е и обнова на фасадата на Пензионерскиот дом во Гевгелија како продолжување на иницијативата за обнова на фасадите на многу објекти во централното градско подрачје. Соработката со градоначалникот и локалната самоуправа е за поздравување и е во духот на решавање на проблемите кои се од заеднички интерес.

**● Како членка на СЗПМ имате ли добра соработка и помош од Сојузот?**

Само дел од проблемите кои ги наведов и редица останати, секако дека полесно ги решаваме со помош на СЗПМ. Сојузот на чело со претседателот Драги Аргировски од ден на ден постигнува се подобри резултати во сите активности и зацртани цели и е од големо значење за секое здружение на пензионери. Затоа настојуваме соработката помеѓу СЗПМ и ЗП Гевгелија да се интензивира и да стане уште поплодотворна.

**● Вие сте една од ретките жени претседател на ИО на здружение на пензионери. Какво е Вашето мислење за застапеноста на жените во раководните пензионерски структури но и во општеството воопшто?**

Во ЗП Гевгелија, поточно во раководните структури, освен мене имаме пензионерка член на ИО, две пензионерки во Собранието на ЗП, една во НО и по една во комисиите од неколку области. Се разбира дека ова значи дека жените во здружението се застапени, што не значи дека не треба да ги има и повеќе. Сметам дека многу жени заминувањето во пензија потешко го прифаќаат, посебно ако биле на раководни функции или на работни места кои се вбројуваат во категоријата на цените профеции и од таа причина не се активираат во здруженијата.

Што се однесува пак до застапеноста на жени во севкупниот општествен живот во општина Гевгелија, застапеноста е добра

**● Вие сте ангажирани во ЗП. Ви останува ли време и за други работи кои Ви носат задоволство во третото животно доба?**

Работата како претседател на ИО на ЗП бара посветеност и голем ангажман. Иако оваа функција ја прифатив во согласност со потесното семејство, намалено ми е времето кое треба целосно да го поминам со семејството, а тоа е задоволството што ми е потребно во оваа доба. Кажано со други зборови, потребна е тимска работа за да можам подобро да го распоредам времето посветено на работата и времето кое му го должам на семејството.

**К. С. Андонова**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Сообразување со потребите

Две теми, поточно две работни активности во изминатиот период беа доминантни во работата на Фондот на ПИОМ. Всушност, тие се меѓусебно поврзани, а се однесуваат на економското фондовско работење во минатата и првите шест месеци од оваа година.

Прашањето како е реализиран финансискиот план на Фондот на ПИОМ во минатата година, доби прелиминарен одговор од Државниот завод за ревизија на работењето, а тоа ќе рече дека лани не се направени финансиски пропусти, што е уште една гаранција дека се работело одговорно и професионално, односно не се забележани никакви пропусти и слабости.

Независно од овие констатации, сепак, согласно Законот за државна ревизија, извршена е контрола на финансиските извештаи и усогласеноста за 2012 година на Фондот на ПИОМ. Според тоа, секоја година, овластен тим ревизори од Државниот завод за ревизија, вршат проверка на работата на Фондот за претходната година. Како што е познато, по проверката на целокупната финансиска документација на Фондот, ревизорите даваат свое мислење за нејзината усогласеност со законските прописи, потоа, Менаџерскиот тим на Фондот на ПИОМ, во рамките на законските одредби, подготвува соодветни свои согледувања и забелешките ги доставува до Државниот завод за ревизија. Пред сè, ова се однесува на усогласеноста со законите и прописите, користењето средства согласно законските прописи – јавни набавки, ревизорското мислење, системските слабости и прашањата на континуитетот.

Уште еднаш и во оваа прилика ќе истакнеме дека Фондот на ПИОМ, секогаш работел и работи согласно релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, врши редовни ургенции до надлежните министерства заради навремено донесување на соодветни акти и документи за непречено одвивање на фондовската работа, постапува по барањата и извештаите на комисиите на Владата на РМ и прави огромни и континуирани напори за навремено и редовно сервисирање на услугите кон своите корисници.

Но, најважно од сè е искажаното мислење на Државниот завод за ревизија во врска со финансиското работење, според кое финансиските извештаи на Фондот на ПИОМ ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во минатата, 2012 година, и истите се во согласност со важечката законска регулатива.

Потоа, согласно Законот за државна ревизија, по доставениот Нацрт–извештај, Фондот ќе ги достави забелешките до Државниот завод за ревизија.

И покрај ваквите позитивни констатации, сепак, и во иднина, треба да се настојува да се надминат сè уште присутните проблеми во работите во Фондот на ПИОМ, останати уште од 2010 година. Така, на пример, сè уште не е извршен делбениот биланс меѓу подрачните единици на Фондот за здравство и Фондот на ПИОМ, што, до сега, требало да биде завршен и да се обезбедат имотни листови. Исто така, со години се провлекува и отвореното прашање за неплатениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување до 2008 год. Бидејќи се работи за огромна сума на неплатени средства на име придонеси од фирмите, веќе од 2009 год., прекината е оваа практика и направени се законски измени, според кои, вработените не можат да земаат плата додека претходно не се платат придонесите. Од друга страна пак, се преземаат активности согласно Законот за трговски друштва да се избришат од евиденција повеќе од 30.000 обврзници кои се неактивни, а се предвидуваат и стечајни побарувања и се работи на други законски измени, сè со цел да се намалат долговите на Фондот на ПИОМ.

Што се однесува до финансиската состојба на Фондот на ПИОМ за првите шест месеци од оваа година, остварени се неколку зафати, така што, расходите се зголемени во ставката за исплата на вкупните пензии, и тоа, за 8,9%, во однос на лани, како резултат на усогласувањето на пензиите за 1,4 во јули 2012 год. и 1,15% од јануари оваа година. Исто така, на сите корисници на пензија им се извршени и дополнително усогласување на пензиите за 5%, и тоа во фиксен износ од 550 денари за секој корисник. На зголемувањето на расходите, влијае и порастот на бројот на корисниците на пензија, и тоа, најголем пораст се забележува кај корисниците на старосна пензија, додека кај останатите корисници на пензии, особено кај инвалидските пензионери, се забележува намалување на нивниот број.

Од погорното, може да се согледаат следните факти: во Фондот на ПИОМ последниве години сите славини за „истекување" на финансиски средства по разни (непродуктивни) основи, целосно се затворени, вработените максимално штедат на своите работни места, а тоа значи на дело ја реализираат препораката на Владата на РМ за штедење, се користат сите расположливи капацитети и потенцијали во реализацијата на неколкуте (актуелни) проекти, се врши строга внатрешна контрола во исплатата и бришењето на починатите пензионери, со еден збор, се штеди секој денар за редовното исплаќање на пензиите на околу 300 илјади пензионери во нашата држава.

**м-р. Снежана Кутузовска**

## ЗНАЧАЈНО

**За сегашни корисници на пензија:**

Пензијата и другите парични надоместоци се утврдуваат во месечен износ и се исплатуваат station наназад.

Корисникот на пензија или на паричен надоместок може да овласти друго лице кое во негово име ќе ја прима пензијата или паричниот надоместок.

По барање на Фондот корисникот на пензија или паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот.

**За идни корисници на пензија:**

За време на привремена спреченост од работа поради болест и повреда односно за време на отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за утврдување на пензиската основа се зема надоместокот на плата.

За утврдување на пензиската основица на невработените лица кои примаат паричен надоместок во случај на невработеност, инвалидите на трудот во случај на професионална рехабилитација, се зема паричниот надоместок.

При пресметување на пензиската основа и едниот и другиот паричен надоместок се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година.

**Станка Трајкова**

# Снабдување со огревно дрво за престојната зима

Скоро сите пензионери од општината Демир Капија, за затоплување на своите домови за време на зимата, користат огревно дрво. За да можат да ги платат на шест рати, за нив неколку години со ред се ангажира Здружението на пензионери Демир Капија. За оваа грејна сезона која наближува, тоа навреме потпиша договор со Јавното претпријатие „Македонски шуми" – подрачна единица во Демир Капија за обезбедување 500 метри просторни огревни дабови дрва. Според информациите што ги добивме од Благој Кавазовски, претседател на ова Здружение, досега сите заинтересирани пензионери веќе ги имаат добиено огревните дрва по откупна цена од 2.555 денари за еден метар просторни. Организираното снабдување со ова топлотно тврдо гориво овозможува олеснување на пензионерите со ниски пензии наплатата да ја извршат на повеќе рати. Така пензионерите безбедно во затоплени домови ќе ја поминат претстојната зима. Пензионерите велат дека се задоволни од квалитетот на добиените огревни дрва.

**Мице Пашоевски**

**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VI – број 62
септември 2013 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски**
(претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева,
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# Пензионерите задоволни од престојот во РЦ Катланово

На 20–08–2013 година Рекреативниот Центар во Катланово ја прими последната шеста смена на пензионери. Покрај корисниците од сите скопски општини пензионери имаше и од ЗП Велес, ЗП Тетово, ЗП Куманово, ЗП Пробиштип и ЗП Кавадарци.



Гостите забележаа дека Центарот е реновиран, а тоа беше реализирано со помош на градот Скопје и соработката со градоначалникот Коце Трајановски. Како и во претходните смени, така и во оваа, во Центарот, покрај удобното сместување и исхрана, имаше и богат културнозабавен живот. Се играше шах, домино, карти, користење на дневен печат и друго, а во вечерните часови имаше и игранка на која со помош на интернетот се избираше најсаканата музика. Од оваа година за првпат со дигитализацијата на ТВ е овозможено следење на телевизиски програми на кои пензионерите ги гледаа нивните омилени серии.

Пензионерите имаа можност да ги користат бањските услуги по потреба за лекување под одредени услови што ги нуди и овозможува Катлановска Бања.

Здруженијата на пензионери, исто така, под одредени услови испраќаа пензионери со субвенции, но имаше и посетители пензионери дојдени во сопствена режија.

Корисниците беа задоволни од квалитетот на исхраната, од сместувањето, од услугата, од организираниот културнозабавен живот, а за најдобрите играорци следуваше награда – бесплатен викенд–престој.

Пензионерите шетајќи се под сенките од крошните на густите и високи дабови дрвја во околината, другаруваа и склопуваа нови познанства и пријателства.

Со последната смена СЗП на град Скопје ја завршува сезоната „Лето 2013" година со убави спомени.

**Видан Стоилковски**

ЗП Богданци

# На прошетка во Бугарија

Жешкото и запурно време не беше причина за пензионерите од ЗП Богданци, на 14 август 2013 г., по речиси петчасовно патување со автобус, да не ја искачат делницата по која требаше да стасаат до гробот на Јане Сандански, македонскиот револуционер од илинденскиот и поилинденскиот период и до Роженскиот манастир.

Иако меѓу екскурзијантите имаше пензионери на поодмината возраст, никој не сакаше да ја пропушти оваа можност. По краткиот престој во манастирски комплекс тие, продолжија до Мелник. Таму ги посетија познатите мелнички винарии и старите куќи уредени во традиционален народен стил.

По паузата за ручек во Сандански, пензионерите се упатија кон планината Рила каде што го посетија познатиот Рилски манастир. Врелината на августовското сонце беше голема, но патувањето беше поподносливо од планинскиот воздух. Некои од пензионерите и порано го имале посетено овој манастирски комплекс, но повеќето од нив за прв пат се соочија со величественоста на преубавите градби. Рилскиот манастир има активно семејство (братство) од монаси кои во време на пристигнувањето ја извршуваа попладневната литургија. Звуците се одгласуваа низ отворената црковна врата кои во хармонија со биењето на камбаните од манастирската црква создаваа чувство на внатрешна смиреност. Жествен колоритен спој предизвикуваше чувство на почит, како и некоја прикриена богубојажливост.



Пензионерите со спомени и со сувенири кои ќе ги потсетуваат на еднодневната екскурзија во Република Бугарија, го продолжија патувањето во правец кон Петрич, а оттаму кон граничниот премин Ново Село во Република Македонија. Гости на екскурзијата беа и пензионери од ЗП Валандово.

На крајот од патувањето пензионерите од Богданци се договорија оти следната можна дводневна екскурзија ќе биде во Врњачка Бања, Република Србија, што беше показател за нивното задоволство и потребата другарувањата да продолжат и во иднина.

**И. Тумбов**

# Незаборавни впечатоци

Пензионерите од ЗП „Тафталиџе ДДД"– Скопје во септември годинава организира еднодневна екскурзија и посета на Дебарските бањи Цапа, манастирскиот комплекс Св. Георгиј Победоносец во село Рајчица во непосредна близина на Дебар, а на враќање ги разгледаа изворите на реката Вардар во селото Вруток. Патувајќи по пријатно време, попатно го посетија Маврово и живописниот кањон на реката Радика и бањите во село Баниште. Семејството Цапа во 2004 година стана сопственик на дебарските бањи и оттогаш почнува нова ера и модернизација на бањските центри Баниште и Косоврасти. Термо–минералните води на бањите имаат многу лековити својства. Во последно време бањите ги користат и младите за што се ангажирани над 40 физиотерапевти кои се под надзор на шест специјализирани лекари. Посебен интерес кај екскурзијантите предизвика манастирскиот комплекс Св. Георгиј Победоносец, кој е осветен во 2001 година. Оттогаш постои како активен женски манастир под покровителство на Бигорскиот манастир. Денешната црква датира од 1835 година и изобилува со богат фрескопис, изработен од моахот Данаил, татко му Михаил и зографот Дичо. Сестринството во манастирот го сочинуваат 10 сестри. Покрај секојдневните послушанија, монахињите изработуваат епископски митри, мајсторски дела кои се дел од богослужбените одежди на многу епископи и патријарси. Од скалите на манастирскиот комплекс се гледа прекрасното Дебарско Езеро.

Од еднодневната екскурзија сите понесоа незаборавни впечатоци и импресии од природните убавини на западниот дел на Македонија.

**С. Билински**

# Еднакви можности на жените и мажите

Рамноправноста меѓу половите е една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија која се заснива на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите.

Еднаквите можности меѓу мажите и жените во Република Македонија се регулирани со Уставот како највисок правен акт, но во голем број закони се внесени одредби со кои се забранува дискриминација врз основа на пол и одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива. Иако, во значителен број закони е вграден родовиот концепт, се до 2006 година не беше донесен посебен закон со кој се промовираат и унапредуваат еднаквите можности на мажите и жените. Имено, во 2006 година, Собранието на РМ го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите, кој во 2008 година беше усогласен со постојните дефиниции за дискриминација и видовите на дискриминација со Директивите на Европската Унија, кои го регулираат нееднаквиот третман на жените и мажите. Во сл. весник на РМ бр 6/2012 год. е објавен најновиот текст на овој закон.

Според тоа, Законот за еднакви можности на жените и мажите е важен инструмент за обезбедување на еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на нашето општество. Имлементацијата на овој општ документ се одвива и преку подзаконските акти кои согласно принципот на хиерархија на законите, подзаконските акти треба да го спроведуваат законот, но не треба да го надминуваат.

Како што е познато субјекти одговорни за следење и примена на мерките насочени кон воспоставување на еднакви можности е Собраниската комисија, а од извршната власт е Министерството за труд и социјална политика, кое ја има водечката улога во однос на родовата переспектива и унапредување на еднаквите можности. Од ова министерство се бараат мислења за сите материјали доставени до Владата на РМ, кои се однесуваат на родовата еднаквост.

Заради статусот на Р. Македонија како кандидат за Европската Унија очигледна е потребата од поголема конзистентност на овој дел на законодавство со стандардите на ЕУ.

Познато е дека спомнатиот закон се спроведува преку три вида мерки. **Прво**, позитивните мерки или мерки на позитивна дискриминација кои првенствено се однесуваат на воспоставување еднаква застапеност на мажите и жените во јавниот и политичкиот живот и во тој правец се предвидуваат пиоритети на соодветниот пол се до воспоставување еднакво учество на жените и мажите.

**Нееднакво учество постои кога застапеноста на било кој од половите е на ниво помало од 40%.**

**Второ**, мерки кои предвидуваат различни активности кои треба да ги поттикнат слободите и напорите за елиминирање на еднаква застапеност, односно нееднаквиот третман.

**Трето**, подигањето на свеста со цел поттикнување, воведување и унапредување на принципот на еднакви можности на мажите и жените, што е од голема важност.

Заради воведувањето на принципот на „еднакви можности" за жените и мажите се предвидува обврска на органите на централната и локалната власт за активна соработка на здруженијата на работодавци, синдикатот, релевантни невладини организации и здруженија на граѓани.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесен е и Националниот план за акција за постигнување на еднакви можности на жените и мажите. Тој претставува базичен документ и е симбиоза на сите најразновидни планирани и координирани мерки и активности што треба да бидат преземени и спроведени во разни области од општештвеното живеење во насока на воспоставување на принципот на еднакви можности.

За обезбедување транспарентност на целокупниот процес, Законот предвидува обврска Владата да изготвува Извештај за спроведување на мерки и активности од Планот за акција еднаш годишно и тој да биде достапен до јавноста.

Анализата на примената на Законот за еднакви можности на жените и мажите, достапна на јавноста, и покрај големото значење, покажува дека сензибилноста кон ова прашање е се уште на ниско ниво.

Она што е сега потребно е воспоставувањето механизам за инкорпорирање на родовиот аспект во законите, програмите и проектите и на локално ниво.

**Имајќи го предвид изложеното, со цел на промоција и поттикнување на прашањето на „еднакви можности" принципот на еднаквите можности се гледа во членот 21 од Законот за здруженија и фондации каде е утврдено дека со здруженијата управуваат членовите непосредно преку избраните претставници во органите на здружението.**

**Ако во нашата држава постојат здруженија на граѓани кои се борат за еднаквост на жените и мажите, тогаш неопходно е во Законот за пензионерско организирање (кој е доставен до Министерството за труд и социјална политика) да се вгради и родовиот аспект, усогласувајќи го истиот со европските директиви.**

**Прашањето на кој степен е застапеноста на жените и мажите во здруженијата на пензинери и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ќе биде апсолвирано и разгледано на претстојниот состанок на претседателите на здруженијата и активите на пензионерки, што е предвидена програмска активност за 2013 година.**

**Станка Трајкова**

Здружението на инвалидски пензионери – Куманово

# „Не сакаме лекови, сакаме екскурзии"

Статусот инвалидски пензионери го стекнале според наоди и мислења на посебна, стручна комисија. Комисијата ја утврдува работната способност на работникот намалена за повеќе од 80% поради повеќе причини, во зависност од работното место, односно од условите за работа во одредена организација. Најчесто станува збор за намалување на функцијата на респираторните органи.

ЗИП Куманово, уште од основањето, им посветува посебно внимание на своите членови и во границите на можностите се труди да им го подобри животот. Во таа насока една од формите на директна помош се екскурзиите. Со тоа на пензионерите им се овозможува да се оттргнат и да не мислат на секојдневните проблеми од една, и да се запознаваат со културните, историските, верските и другите знаменитости во земјава и пошироко, од друга страна. Посебно важна компонента на екскурзиите е престојот на чист воздух во планински, еколошки здрави средини што благотворно дејствува на здравјето. Ова особено важи за пензионерите кои имаат проблеми со респираторните органи. Речиси нема атрактивна дестинација што не е посетена и запознаена. Екскурзиите се планираат и се остваруваат со однапред утврдени годишни програми. Една од убавите страни е зближувањето, развивањето нови пријателства, дружењето, запознавањето нови луѓе, стекнувањето пријатели и познајници од други места.

За паметење, на пример, годинава се екскурзиите до манастирот Свети Јоаким Осоговски, во чии обновени конаци и угостителски објекти во прекрасниот природен плански амбиент пензионерите доживеаја вистинско уживање. Во незаборав на пензионерите им остана и екскурзијата во месец јуни до излетничкото место „Еленец" во близина на Македонска Каменица, каде што задоволствата ги споделија со свои другари и колеги од здруженија на повеќе други градови и општини од Македонија. За одбележување се патувањата и до другите атрактивни дестинации како што беше посетата на историското Крушево со своите природни убавини и споменици на славното Илинденско востание и првата Крушевска Република на Балканот. Треба да се спомнат и еднодневните екскурзии до езерото и хидроелектраната на Матка и посетата на Крстот на Водно во месец јули. Деновиве претстои традиционалниот излет до Герман, Кривопаланечко, а потоа екскурзијата до Козји Дол кај Трговиште во соседна Р Србија. Во претстојните месеци ќе има патувања и на други атрактивни излетнички места.

По секоја екскурзија, пензионерите се враќаат со убави доживувања, освежени и ведри и секогаш со прашање: која е следната дестинација? Навистина, со ваков интересен и динамичен начин на живеење, потребата од терапии со медикаменти е се помала. Дружењето и екскурзиите се најдобри лекови!

**Станислав Стефановски**

# Коста Стојанов, најуспешен во стрелаштво

Коста Стојанов и припаѓа на генерацијата спортисти кои своите почетоци ги започнаа во градскиот стрелачки клуб пред педесетина и повеќе години, а во него членува и до денес. Покрај тоа, тој е и член на спортската секција при Здружението на пензионери од Кочани, која редовно учествува на регионалните и републичките спорски натпревари во повеќе спортски дисциплини.



– На регионалните натпревари годинава во Виница го освоив првото место. Се надевам дека соодветен успех ќе имаме и на пензионерската олимпијада во Штип, вели Стојанов кој неколку години по ред ја води екипата на ЗП Кочани во стрелаштво.

Инаку, Коста Стојанов е носител на бројни признанија и медали од повеќе државни и меѓународни натпреварувања, но како што вели тој, најдраги му се оние освоени на регионалните и републичките спорски натпревари на пензионерите на Македонија кои ги организира СЗПМ.

**К.Герасимов**

ЗП Пробиштип

# Мини летување за сто пензионери

Еднодневните екскурзии, излети и средби на зелено, години наназад предизвикуваат голем интерес кај пензионерите од ЗП Пробиштип за што говори и масовното учество на истите. Ако се запрашаме зошто таков интерес, одговорот е едноставен: најнапред поради дружењето со пензионерите од другите здруженија од Македонија, стекнување нови пријателства кои траат со години, излегување од секојдневната монотонија барем за еден ден и размена на искуства од разни области.

ЗП Пробиштип во текот на јули и август 2013 година организираше 8 екскурзии за своите членови од кои 7 еднодневни и една четиридневна. Беа посетени различни дестинации, атрактивни и значајни за своето постоење како што се верските објекти, планинските излетнички места, културно – историските споменици од нашата поблиска и подалечна историја, а неодминливи се и езерата кои секогаш нудат нешто ново.

Годинава, околу илјада пензионери беа дел од посетите на манастирските комплекси „Св. Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка, Ораовица кај Радовиш, Пониква и фестивалот на Власите, Пантелеј во Кочани, историските места Пелинце кај Куманово, Крушево и Мечкин Камен, Дојранското и Охридското Езеро. За тоа кога и како



ќе се изведат посетите е договор меѓу раководството на ЗП Пробиштип и пензионерите. Држејќи се до изреката „Запознај ја татковината – повеќе да ја сакаш“ пробиштипските пензионери во изминатите неколку години, туку речи, ја прокрстарија цела Македонија. Имајќи го предвид стандардот на своето членство, годинава ЗП Пробиштип се одлучи во најтоплиот период од летото да им приреди пријатно изненадување на стотина пензионери, организирајќи им мини летување на прекрасните плажи на Охридското Езеро. Одморот траеше 4 дена за само 1900 денари во што беа вклучени превозот и престојот. Покрај капење и сончање, во програмата беше предвидено и посета на културно – историските знаменитости на Охрид. Веднаш по пристигнувањето, беше посетен познатиот манастир „Св. Наум Охридски“, изворите на Црни Дрим и друго. Наредните 3 дена во утринските и вечерните часови, пензионерите ги посетија Самоиловата тврдина, Плаошник, црквата „Св. Софија“, старата Охридска чаршија и другите цркви и манастири. Останатиот дел од денот беше предвиден за максимално користење на плажите, сонцето, водата и пријатната охридска клима.

За четиридневниот летен одмор кај пензионерите постоеше голем интерес, но за жал неможеа да се исполнат желбите на сите. Од една страна тука беше ограничениот капацитет на бараките на Трудбеник каде беа сместени летувалците, а од друга страна и можностите на ЗП Пробиштип.

Во иднина, ќе се размислува за други варијанти и мини летувања на другите езера во Македонија, со цел да се овозможи на повеќе пензионери да ги почувствуваат благодетите на нашите езера и да се потсетат на помладите години кога со своите деца заминувале на годишен одмор.

**М. Здравковска**

ЗП Куманово и ЗП Велес

# Заедничко патување и дружење

По повод националниот празник на македонскиот народ – Илинден, стотина пензионери од Куманово и Велес изведоа заедничка еднодневна екскурзија до с. Нежилово во пазувите на Јакупица, крај изворите на реката Бабуна, под Солунска Глава. Притоа за екскурзијантите беше организирано евоцирање сеќавања од периодот кога се удираа темелите на Асномска Македонија и Второт Илинден – 2 август 1944 година. Меѓу здружените и збратимени кумановско–велешки пензионери имаше компетентни личности кои успешно ја раскажуваа историската вистина жалејќи што докрај не се реализира идеите, како на илинденците од 1903, така и на оние од 1944 година.



Екскурзијата беше искористена и за прошетка по долината на реката Бабуна низ еколошка средина нечепната од човечка рака, кога многумина се воодушевуваа на природната убавина, прашувајќи се зошто досега не ги посетиле и откриле ваквите краишта со кои изобилува нашата Татковина. Во рамките на забавно–рекреативниот дел со кратка програма настапија аматери од Куманово, на чело со бардот на пензионерското актерство Новко Петрушевски. „Актерите“, меѓу кои беше и Надежда Булатовиќ, со инпровизирани свои скечеви, придонесоа да се зголемат импресиите за оваа средба и дружење на пензионерите од збратимените здруженија.

Запознавањето со крајоликот продолжи и при враќањето низ населбта Богомила, некогашна општина, како и нејзиниот регион Азот – најеколошкиот дел во централниот дел на Македонија. Да потсетиме дека тука, во Богомилско се родило и Богомилското движење под водство на Поп–Богомил и се проширило низ цела Западна Европа. Потоа екскурзијантите се упатија и ги посетија манастирот „Св. Архангел–Михаил“ во Теово, како и центарот на Република Македонија, наспроти Долно Врановци лево од патот, во Општина Чашка.

И, не само за Илинден, и, не само во срцето на Македонија, туку уште на многу места и по разни поводи, пензионерите од Куманово и Велес се дружеле и ќе се дружат благодарение на иницијативата на нивните раководства чија максима гласи: „Дружењето и патувањето го продолжуваат живеењето!“ **Веле Алексоски**

Меѓународна соработка

# Пензионери од Охрид, Куманово и Битола во посета на Врање

По повод 19 август – Денот на пензионерите на Србија, делегација на ЗП на Охрид и Дебрца присуствуваше на одбележувањето на празникот во Врање. На покана на ЗП Врање од Република Македонија.



Во гости беа и делегации на ЗП на Битола и Куманово. На свечената седница претседателката на ЗП Врање Мира Трајковиќ поднесе пригоден реферат, а празникот на славениците им го честитаа и гостите од Македонија.

По свечениот церемонијал, на средбата со домаќините претставниците на ЗП од Куманово, Битола и Охрид разменија мислења и искуства од работата и дејствувањето на здруженијата. Досегашната соработка беше оценета како многу успешна, особено со ЗП Охрид, бидејќи секоја година преставници на ЗП Врање гостуваат во Охрид и присуствуваат на одбележувањето на значајни датуми, како што се: Денот на пензионерите на Македонија – 20 септември, Патрониот празник на Охрид „Свети Климент Охридски“ и одржувањето на Регионалните пензионерски спортски натпревари од Четвртиот регион.

Престојот во Врање делегациите на ЗП на Охрид, Битола и Куманово го искористија за посета на културно–историските знаменитости на градот, потоа на Врањска Бања, Манастирскиот комплекс „Прохор Пчињски“ како и Меморијалниот центар на Првото заседание на АСНОМ во Пелинце.

**К. Спасески**

# Прием кај градоначалникот

Градоначалникот на Демир Хисар Љупчо Блажевски прими делегација и оствари средба со претставници на охридското и демирхисарското здружение на пензионери.

На средбата, двете делегации го запознаа градоначалникот Блажевски со заедничките планови за воспоставување на поблиска и посодржајна меѓуопштинска соработка на пензионерите од двете соседни општини и искажаа подготвеност преку разни форми на меѓусебна пензионерска соработка: заеднички излети, екскурзии, дружења и средби, да дадат мотив и поттик за воспоставување на нови мостови на соработка меѓу пензионерите и на ниво на општините.

Градоначалникот ги поздрави иницијативите на двете здруженија



и искажа подготвеност за негова сесрдна поддршка на сите заеднички проекти помеѓу Здруженијата на пензионери на Охрид и Демир Хисар.

**З.Стевановски**

# Убав настап на пензионерите од Миравци

Во рамките на манифестацијата „10 дена Крушевска Република 2013“ на 08 август 2013 година во Крушево се одржа фолклорна вечер на која зеде учество играорната група на пензионери од Миравци, кои се воедно и членови на КУД „Танец“ од Миравци. Присутните гости и организаторите на фестивалот беа воодушевени од музичко–сценската изведба на традиционалното оро „Гура Мара“ кое го изведе играорната група на пензионерите од Миравци.

КУД „Танец“ и играорната група на пензионерите од Миравци беа поканети и на традиционалната манифестација која се одржа во село Хума, општина Гевгелија, на падините на планината Кожуф, на 10 август 2013, која се оддржа во чест на заштитникот на селото Хума „Св. Пантелејмон“. На оваа манифестација присуствуваа голем број поканети гости, градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов, Претседателот на Советот на општината Драги Хаџиниколов, раководството на ЗП Гевгелија, голем број гости од Гевгелија и околните места, како и гости од Република Србија и Република Грција.

Манифестацијата беше организирана од Месната заедница на



селото Хума, а истата продолжи и наредниот ден со општонароден собир во дворот на црквата од селото каде традиционално се дели панаѓурски курбан. На овој собир учествуваа повеќе од стотина пензионери од ЗП Гевгелија. **Л.С.**

# Состанок под отворено небо

Активноста, може да се каже, на најактивните пензионерки во Активот „Зора“ не сопре ни за време на летниот период. За нив никогаш нема одмор. Сепак тропските горештини ова лето, доведоа и до тоа, нивните редовни средби да ги одржуваат надвор од просториите, под отворено небо, под сенка, барем малку да се разладат. Иако пладне одамна има поминато, сонцето паднало веќе кон заоѓање, по планините се гледа мрак, само по врвовите уште играат зраците, но уште се чувствува спарина. А топлината и тука се зголемува со жешките дискусии за најразлични прашања, за соработка со други здруженија во замјата и странство, заради збогатување на содржината на работата, како и постојаната грижа за застапеноста на сите националности во составот, излети, екскурзии, доделување еднократна помош за најзагрозените пензионерки и друго.



Повеќето пензионерки со самото пензионирање, набргу потоа за да ја надминат монотонијата, а некои од нив и да ја продолжат традицијата, се зачленуваат во некои од секциите, а најпривлечна е музичката. При тоа, дружењето е пред сѐ, бидејќи тоа е извор на енергија и задоволство.

– Топлото време не натера да работиме на отворено, но без прекин. Посебно сега сите дискусии се сведуваат и главна тема е одбележувањето на дваесет годишнината од формирањето на Активот на пензионеки „Зора“ во кое членуват пензионерки од сите националности. Се состануваме да донесеме многу одлуки, и да решиме многу прашање – рече претседателката Надежда Давчева.

**Васил Пачемски**

ЗП Сарај

# Организирано летување во Албанија

Во Здружението на пензионерите на општина Сарај, организираното летување во Албанија веќе станува традиција. Од година во година расте бројот на пензионерите заеднички да го поминат одморот. Минатата година на организиран групен одмор беа 52, оваа година бројот се зголеми на околу 100.

И оваа година, местото за организиран летен одмор беше Туристичкиот комплекс Тирана, кој за оваа категорија понуди подобри услови.

Одморот се оствари во првите десет дена на месец септември. Времето се погоди одлично и во текот на сончањето не изостанаа: играта со шах, барцолетите и анегдотите.

За здравјето на пензионерите се погрижи лекарот Др. Јани Дечков, кој е член на ИО на Здружението. Тој рече дека општо земено, по однос на здравјето немало некој посериозен проблем. Имало извесни проблеми со притисокот, стомачни болки, главоболка и некое повраќање при што им е дадена соодветна помош со адекватни медикаменти.

Сите учесници на овој организиран летен одмор, се вратија здрави, добри и задоволни, со желба да им служи здравјето за да одат и идната година.

**Баки Бакиу**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Тажни свечености

*„Многу е депресивно да се живее во време кога е полесно да се разбие атом отколку една предрасуда".*
*А. Анштајн*

Современиот раскажувач **Васе Манчев (с. Робово, Струмичко, 20.2.1949) осведочен мајстор на краткиот расказ,** депонира во македонската книжевна ризница сериозен уметнички влог. Суверено владее со долгите реченици (тука е на свој терен **Докторот по филолошки науки**) со што постигнува широк опфат на надворешната слика и нејзина детализација и грижливо осветлување на внатрешното устројство на ликот „со сите надежи и страдежи". Свесно користи и зборови од родниот крај. Тој знае дека јазикот онтолошки е отворен систем кој постојано се шири и доградува со што расте неговата творбена моќ. Препорачливо е локализмите да го следат духот на јазичната норма за да ги прифати праксата. Користи и еден малку практикуван опит: доколку по звучна асоцијација се сретнат „два созвучни збора" (Б. Конески) блиски до смислата на исказот, стапуваат во римувана спрега и му даваат додатна лиричност на внатрешниот говор.

Збирката **„Тажни свечености",** всушност е тематски избор од четирите книги: **Суша и душа, Подгорен корен, Клето лето** и **Чинки.**

Заведува зборот **свеченост** што сугерира: радост, веселба, песна, среќа. Коректно ли е употребен контрастниот епитет **тажни** со именката свечености? Расказот **Свадба,** поедноставено прераскажан, ќе даде консеквентен одговор. Женидбата е пресвртен настан во животот. Долго се печали и штеди да се направи тој ден, **таа семејна свеченост за паметење.** Се канат блиските роднини, пријатели, каде и да се. Од градот е поканет гостин: учен, познат достоинствен. Доаѓа облечен во бело од глава до петици, Го ставаат на чело на трпезата. Зад него како ангел чувар стои убаво девојче. Сите нешто го прашуваат, му кажуваат кој по која линија и во какво сродство е со него. Тој учтиво ниша со главата, речиси ништо не разбира, но се труди да се вклопи. Го нудат да се послужи, да касне, да се напие, да се сесели. Ќе штрбне малку од понуденото и пак се загледува во натисканиот народ, кој веќе влегува во еуфорија. Се растегнува оро, тој се фаќа, но не го погаѓа ритамот, непознат му е. Пробаат да му помогнат, без успех. Се прават свадбените ритуали, радоста кулминира. Конечно се оди по невестата, Тој останува **с а м, заборавен. И непотребен.** Тажно!

**Сите** раскази од овој избор **ги содржат двете компоненти од насловот.** Тие не се во ист обем застапени: радоста е во копнежот, во надежта. Чеканата свеченост е тажна. Убавото петле со три жолти фуфули, на пример, е среќно додека си претка во буништето и повремено поклопува некоја млада кокошка за да снесе оплодено јајце од кое ќе се испили нов живот. Стопанот се намерачил да го жртвува за оризникот за **Неделниот ручек**, (одличен, награден расказ.) Се наметнуваат и **Семејниот** растурен **ручек... Личен Миче, Бунар, Бате...**

Сепак, главниот акцент во приказов е ставен на расказот **Старата гитара на Андре Навара.** Тој е добра реплика да предочи една глупава предрасуда. Стереотип е перцепцијата на уметниците од сите гранки на уметноста, без исклучок: разгалени, со полни џебови, а вечно незадоволни, суетни и пијани!



Андре Навара, беше еден од најмаркантните уметници инструменталисти на минатиот век, кои неправедно ги нарекуваме – репродуктивци. Тоа подразбира „сол е сол и фа е фа", траењето е нотно запишано и репродуктивецот треба сал да не ја изневери партитурата. Тоа е елементарното ниво. **Малкумина знаат како тоа мртво писмо** што го владеат само стручните луѓе, **оживува во духот на уметникот:** да стане волшебство што понесува и замајува, ја брише границата меѓу композиторот, изведувачот и слушателите. Во тајните долапи на душата им клечи стравот пред секој настап како да е прв: ќе ги понесе ли инспирацијата да ја спречат тишината да стане глувост рамна на смрт, или болен пораз!

Навара треба да настапи на големата културна свеченост, **Охридско лето**. Додека го возат од аеродромот кон Охрид го здогледува Езерото, возбудено крикнува и бара да се застане. *„Се загледуваше во бистрата зеленикава вода... од чии вдлабнатинки како од таинствени грла на невидливи езерски русалки, извираше возвишена музика..најубавата што било кога под вишното сонце, ја слушнал... му заигра зелен извор под грлото... со неодмерена животна жед: што повеќе звучна убавина да впие во својата душевна безграничност.... Патем раскажуваше... дека благодарение на прошетката покрај божественото езеро на несфатлив начин најдлабоко се нурнал во својата психа и речиси ја допрел нејзината најголема тајна".*

Со таа опиеност ќе настапи вечерта во **Света Софија** пред *„насмеани луѓе, озарени со звучна пресреќа". **„Свирам под силен впечаток од волшебната музика на овдешното божевно поднебје",*** признава. Но додека се одмора на канабето под високото полуосветлено кубе, ќе го притисне страшна, тешка тишина. Молкот ќе му ги згрчи прстите, срцето одвај отчукува. Зачекорува по каменоот под, плеска со раце да намами звук. Го носат во хотелската соба, одбива лекарска помош, моли да го остават. Ги отвора прозорците, вдишува длабоко, се взира во растреперената ноќ над градот и во одразот во езерското огледало, ветрето ја раздвижува сликата, Орфеј се огласува. Нежно, како што в прегратка се зема убава жена, го зема инструментот. Жиците ќе затреперат, се раѓа тон. Каква среќа! Но сред тој заносен миг гостите од соседната соба силно удираат по ѕидот: „какво е ова вежбање среде ноќ"! Магијата исчезнува, се враќа болот. **Боже, колку се ранливи тие големи луѓе!**

Кон спомenatите збирки претставени со овој избор треба да се додадат уште: **Насушна сушност, Залудни раскази, Измислена душа, Сиреч, Волшебно време.** Во другите форми, сумарно: **два романа, четири книги драмски текстови, една поема и една поетска збирка.** Член е на ДПМ (1980), на Македонскиот ПЕН центар. Награди: **Рациново признание** и **Стале Попов.**

Книгата **Тажни свечености** ***предупредува дека ништо не е толку едноставно како што се чини; шокира со трагичните, смешни, зачудни, необични, изместени слики низ дискурсот на една реска гротеска.*** **Времето потрошено на нејзиното исчитување е исплатливо задоволство.**

**Борис Шуминоски**

ЖИВКО ПОПОВСКИ – ЦВЕТИН

# Добитник на наградата „Мајка Тереза" за 2013

**Годинава, за особено значајни остварувања од интерес на државата во областа на хуманоста и човековата солидарност и за поттикнување, унапредување на меѓусебното разбирање и развој на соработката, како меѓу народите, така и меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери, државната награда „Мајка Тереза" му припадна на пензионерот Живко Поповски - Цветин, уметник, сликар и хуманист.**

Тој е роден на 2.10.1944 година во с. Брезово. Дипломирал на Земјоделскиот факултет во Белград. Работел како новинар, а бил и претседател на Црвениот Крст на Македонија. Со сликарство се занимава активно од 1970 година. Познат е по неговата хумана акција, мисијата „Цвеќето на мирот".



Реализирал преку 300 изложби кај нас и во странство. Се пензионирал во 2008–та година. Овој активен пензионер подарил повеќе од 40.000 слики со цвеќе кои ги красат домовите на многу поети, уметници, спортисти, пензионерски домови. Овие слики зрачат со позитивна енергија и дух на пријателство.

– Имав голема чест пред 30 години да добијам писмо од Мајка Тереза. Кој и да го добиеше тоа писмо ќе тргнеше по патот на хуманоста.Таа мисла што се роди во мене, таа искра, сакав да ја проширам кон сите во моето опкружување, и на работа и насекаде. Од 1970 година поинтензивно се занимавам со сликарството. Од 1984 година писмото направи еден пресврт кај мене и едноставно ја канализираше мојата мисија наречена „Цвеќе на мирот" и тоа токму поради зборовите што ми ги напиша Мајка Тереза, – се сеќава добитникот на наградата и се навраќа на писмото:

**„Драги Живко,**

**Ти благодарам за прекрасната слика и љубезното писмо. Има наши сестри во Скопје и ако појдеш кај нив тие ќе ти кажат како да се вклучиш во нашата мисија на љубовта. Бедните се секаде околу нас, осамените, несаканите. Биди љубезен и прави им добрина на оние блиску до тебе и чувај ја радоста на сакањето на Исуса во своето срце, бидејќи тој е верен. Господ нека Те благослови.**

**Мајка Тереза - 21 март 1984 - Калкута, Индија."**

– Ова писмо верувам дека било кај кого да дојдеше ќе предизвикаше нешто што ќе го водеше потоа цел живот и токму мене таа мисла ме допре и сакав да ја проширам меѓу сите пријатели, познаници,луѓе... А кога ќе се тргне,нема застанување, вели уметникот.

**Пред 5 години се пензиониравте. Што се смени кај вас?**

– Не многу, искрено речено. Кај мене активниот живот продолжи како и претходно. Секој ден нешто ново, хумано, полезно, интересно. Вие помладите треба да учите од нас постарите, да го запомните почетокот, и да продолжите таму каде што ние ќе застанеме или подзастанеме. Се се учи и продолжува со нови сили и ентузијазам. Само треба да се сака. Мисијата „Цвеќе на мирот" почна и продолжува и понатаму. Мене ми е исполнет пензионерскиот живот, и денот и месецот и годината со толку активности, што јас просто не се чувствувам дека сум во пензија, како некои што кога ќе заминат во пензија заборааат на активности, на тоа кои се сега, и кои биле. Јас секој момент гледам да го искористам и да го дадам најдоброто од мене, да можам некого да подучам, да помогнам каде можам и колку можам, да го пренесам моето искуство на помладите, сликам, подарувам слики, се дружам со пензионерите и често организираме заедно изложби, поетски средби, творечки работилници, играње шах.

**Колку сте задоволни од постигнатото досега и дали ја очекувавте наградата „Мајка Тереза"?**

– Задоволен сум со себе и работата на хуманоста што ме крепи и храбри за понатаму. Јас сум среќен што ја добив токму оваа награда и мислам дека со мојата 30-годишна активност вистински ја заслужив. Иако ја примам како аконтација за она што досега сум го направил, воедно таа претставува и обврска и понатаму, до крајот на животот да помагам колку можам со тоа што најдобро го знам, и истовремено таа порака на мисијата на цвеќето на мирот да живее, некој да ја преземе после мене.

**Што значи да се биде пензионер денес?**

– Да се биде пензионер денеска е убаво, поточно да се доживее да се стане пензионер е задоволство. Тоа е еден изминат период каде човекот видел и добро и лошо, и тага и среќа. После пензионирањето, секој ден е значаен за пензионерите. Минуваме повеќе време со блиските, посета на културни настани и други манифестации за кои порано се немало доволно време поради ова и она, и други разни бенефиции. Така, сега не мислиме каде ќе ја паркираме колата, се возиме бесплатно со автобус, и земено во целина, мислам дека имаме релативно добри услови за пензионерите, секако за овие наши сегашни услови. За понатаму ќе видиме. Само здравје, а потоа, се друго.

**Кој е вашиот водич низ пензионерскиот живот?**

– Мотив и водич ми се блиските, пријателите, хуманистите, младите, постојаните активности од моја страна, цвеќето како знак на мирот. Секако дека ги следам и дневните новости преку весникот „Нова Македонија" и додатокот за пензионерите што излегува со него, а го добивам и читам редовно и весникот „Пензионер плус", каде што има интересни написи за активностите на пензионерите, културните настани, спортските игри, кои се како олимписките од година во година. Со овие организирани активности, движења, раздвижувања, излети пензионерите многу подобро се чувствуваат, се дружат, се забавуваат, повеќе се смеат, но исто така и си ја запознаваат уште подобро нашата убава Македонија.

„Цвеќето на мирот" претставува медиум или инкарнација на една голема, космополитска, сеопшта идеја. Тоа е идејата на братството за заедништво на сите луѓе на оваа мала, зелена и светла жива прашинка, што го овозможува нашето присуство во вселената, а преку нас го овозможува бунтот против хаосот, односно против несвесниот ритам и хармонијата во Универзумот. Тоа е цвеќето на мирот на наградениот секогаш активен Живко Поповски – Цветин.

**Наташа Андрееска**

Промоција на книгата на Веле Алексоски

# Во одбрана на македонскиот идентитет

Во рамките на манифестацијата „Топол културен бран", на 21 август беше промовирана најновата книга на д–р Веле Алексоски, пензионер од ЗП Велес, под наслов „Во одбрана на македонскиот идентитет". Промоцијата беше во организација на Општина Велес, како и Локалната библиотека „Гоце Делчев" во чии простории присуствуваа неколку десетици љубители на пишаниот збор и други граѓани, меѓу кои имаше гости и од Шпанија.




Рецензенти на книгата се Наум Димовски, републички советник по историја, сега пензионер, и Љубомир Ѓорѓиев, новинар. Промотор беше пензионираната професорка Н. Алексоска, а извадоци од книгата читаше Лила Арсова – македонист.

Во ова шесто по ред дело на Алексоски, покрај историско–националната тематика, има десетина куси, повеќето автобиографски раскази, а авторот главно ги пренесува кажувањата и носталгичноста на нашите политички или економски емигранти во Европа и во другите континенти, со кои имал средби пред неколку децении, кога престојувал во Франција како наставник на ученици од македонско потекло, а во Германија како уредник и новинар на неделникот „Македонско сонце". Тој зборува, не само за борците за слободата и Обединета Македонија, не само за Илинденците, за партизаните, за бранителите од 2001, туку и за нивните потомци – за оние на Питу, на Карев, на војводата Јонче од Журче. Не ги заборава ниту оние млади Македонци, како и припадници на другите малцинства, присилно регрутирани во војските на соседните окупатори за време на Балканските војни, на Првата и Втората светска војна, но и за време на распаѓањето на Југославија во 1991 година.

Во оваа книга, покрај траумните и морбидни моменти, читателот ќе ја препознае и сатирично–хумористичната нарација на Алексоски кој умее да ги „пече" оние кои ги игнорираа, забрануваа, дури и ги уништуваа верските чувства и објекти.

**В. Секулоски**

# Химна на Валандово

Таму долу негде в Македонија
Има една златна долина
Таму ќе најдеш Кулата, Исарот
Таму ќе најдеш цветна градина.

Таму долу негде в Македонија
Има една златна долина
Таму ќе најдеш извор, манастир
Долина златна од Бога дадена.

**Рефрен**
**Запејте песна Валандовчани**
**Напијте се вино и ракија**
**Родни плодови смокви и калинки**
**Запејте песна за Валандово.**

Запејте песна Валандовчани
Напијте се вино и ракија
Моми калеши, лични ергени,
Тоа е нашето Валандово.

Таму долу негде в Македонија
Има една златна долина
Таму ќе најдеш Кулата, Исарот
Таму ќе најдеш цветна градина.
Таму ќе најдеш извор, манастир
Долина златна од Бога дадена.

**Рефрен**
**Запејте песна Валандовчани**
**Напијте се вино и ракија**
**Родни плодови смокви и калинки**
**Запејте песна за Валандово.**

**Леонид Манчев**




## НЛБ Сребрен пакет

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

## Поволности

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600






## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

# Ревиите на песни, музика и игри се сè поквалитетни и помасовни

На 9 мај 2013 година во организација на СЗПМ, а во реализација на здруженијата – домаќини на ревиите, започна втората деценија во презентирање на фолклорното богатство на Македонија во изведба на пензионерите – пејачки групи, КУД, инструменталисти и солисти. Тие и овој пат се покажаа како верни чувари и презентери на македонските традиции, обичаи, на песните, ората, инструментите, богатиот колорит на народните носии и на македонскиот идентитет.

Единаесет години тие ја покажуваат својата вештина во истражување на подзаборавените изворни песни, ги отворија ковчезите на мајките и на бабите, ги извадија прекрасните носии во кои е вткаена судбината на македонската жена, нејзината креативност и умешност, комбинирањето на боите во богатите и неповторливите везови, со цел да ги пренесат на идните генерации, да им ги остават во аманет на младите.



Минатата година, на јубилејната 10–та фолклорна ревија, присуствуваше и министерката за култура Елизабета Канческа –Милевска, која беше покровител на манифестацијата. Таа не го криеше задоволството од тоа што го покажаа пензионерите на Ревијата, од големата љубов кон богатото фолклорно минато на луѓето кои живеат на овие простори. Беше задоволна од богатата програма и од квалитетната изведба на игроорците и песнопојците во поодминати години. Задоволството министерката го искажа со тоа што Републичката ревија на песни, музика и игри и шестте регионални ревии во 2013 година, ги прогласи за манифестации од национален интерес на културата во државата, вградувајќи ги во финансискиот план на Министерството.

Годинава во Републиката се одржаа 6 регионални ревии на песни, музика и игри, а домаќини беа здруженијата на пензионери, членки на СЗПМ, од Гостивар, Охрид, Делчево, Радовиш, Кисела Вода – Скопје и од Велес. Од 9 до 18 мај се нижеа песните, ората, обичаите, се презентираше и богатиот колорит на носиите од краевите од кои доаѓаа учесниците. За десет дена шесте културни настани ги раздвижија пензионерите ширум Републиката. Учествуваа над 1.200 учесници, а меѓу посетителите може да се евидентира бројка од околу 2.500 кои беа од различни генерации. Ревиите, иако немаа натпреварувачки карактер, меѓу учесниците се чувствуваше натпреварувачки дух. Секој сакаше да биде подобар од другиот. Селекторот имаше тешка задача кого да го издвои за да биде учесник на Републичката ревија.

Републичката ревија на песни, музика и игри се одржа на 4. јуни во Универзалната сала во Скопје и претставуваше круна на шестте регионални ревии. Од 48 здруженија, кои настапија на регионалните ревии, учество на Републичката ревија обезбедија 31 здружение со околу 800 учесници. Универзалната сала, исполнета до последно место, беше претесна да ги прими сите заинтересирани кои сакаа да присуствуваат на Ревијата. На 4. јуни се нижеа песна до песна, се везеше оро до оро, писнаа зурлите, гајдите, кавалите и тапаните...

Седокосите вљубеници во народниот фолклор, изведуваа бисер по бисер од богатата фолклорна ризница на Македонија. Тие секоја година нижат по една бисерна низа, а оваа година ја нанижаа и единаесеттата. Ревиите завршија, но не заврши работата на КУД, пејачките групи, инструменталистите и на раководителите на истите. Тие ја продолжуваат потрагата по нови песни и ора за наредната година да ни приредат нови и пријатни изненадувања. Да се надеваме дека во 2014 г., ќе можеме да се пофалиме со нови и уште поквалитетни и помасовни ревии, кои ќе бидат аманет за идните генерации.

**Милевка Здравковска**

35 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ

# Пензионерите пеат

Своето триесет и пет годишно постојење, пеачката група „Сирма Војвода”, која е во составот на Здружението на пензионери од Битола, го одбележа со манифестација под мотото „Пензионерите пеат”

Со организациска подршка на Здружението на пензионери од Битола, манифестацијата се одржа на 25 август 2013 година, во Центарот за култура во Битола. Овој собир најнапред го поздрави претседателот на Здружението на пензионерите од Битола, **Томе Илиевски**, кој честитајќи им го јубилејот на членовите на пеачката група „Сирма Војвода”, им посака уште многу успеси во понатамошната работа и ангажирање, а на гостите кои учествуваат по овој повод, убав помин во Битола.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, истакнувајќи ја одличната организација на оваа манифестација, им го честита јубилејот на пеачката група „Сирма Војвода”, со желба нивната активност во понатамошниот период да биде уште посодржајна, претставувајќи ги пензионерите во вистинско светло.



На манифестацијата „Пензионерите пеат”, настапија тринаесет пеачки групи, кои се претставија со изведби на народни и староградски песни.

Само да потсетиме. Пеачката група „Сирма Војвода” од своето постоење, ја негува староградската музика и песна, како и фолклорната традиција на градот и околината, при што има значајни успеси на безброј настани по разни поводи. Денес, под раководство на **Борис Никлевски**, групата се освежува со нови членови – пензионери и работи на промоција на нови изведби на музика и песни од битолскиот крај и Македонија.

Дружењето на пеачките групи продолжи во рестаронот „Император” во Битола, каде што од страна на организаторот на учесниците, групи и поединци, им беа доделени благодарници.

**Д. Тодоровски**

# Промовирана поетската книга „Бели утра“

Македонското научно друштво од Битола, на 15 август, во просториите на друштвото организира промоција на поетската книга „Бели утра” од Петко Шипинкаровски. Промотори на оваа најнова поетска книга на Шипинкаровски беа Добре Тодоровски и Офелија Богоевска.




Писателот Добре Тодоровски, заменик – претседател на Македонското научно друштво од Битола и член на Здружението на пензионерите од Битола направи краток портрет на поетот и романсиер Шипинкаровски, член на Здружението на пензионерите од Струга и главен и одговорен уредник на струшкото списание за литература, култура и наука „Бранувања”. Промоторот Тодоровски истакна дека Петко Шипинкаровски, како активен пензионер има во себе неисцрпна творечка енергија.

– Шипинкаровски е вечен патник на поетските друмови, секогаш откривајќи во себе нови поетски видици и подарувајќи им на читателите по уште една стихозбирка, „Бели утра”, која е вистинска рапсодија во бело и која ни нуди нови, бели простори и вечен оптимизам, – рече Тодоровски.

Осврнувајќи се врз поетската книга „Бели утра” од Шипинкаровски, промоторот Богоевска особено го нагласи космополитизмот на авторот, кој додека ги читате стиховите на „Бели утра”, во многу нешта потсетуваат на она Рациновото: „Куќа цел свет братски ми е” од неговите „Бели мугри”. Оттука, и блискоста меѓу овие двајца македонски поети, Кочо Рацин и Петко Шипинкаровски, кои иако поетски се застапени во различни временски декади, имаат слични размислувања, нивните поетски стремежи подеднакво длабоко се втемелени во двете стихозбирки. Овие две стихозбирки, според промоторот Богоевска, се адресирани до потомството, да го чуваат и паметат силно изречениот поетски збор и културното творештво што двајцата поети им го оставаат во наследство на младите генерации, како аманет и завет за навек да ги паметат.

На крајот, промоторите Тодоровски и Богоевска, го изнесоа својот заеднички став дека најновата поетска книга „Бели утра” на Петко Шипинкаровски е скапоцен дар за читателите и најдобар доказ дека пензионерското доба е силен двигател за творечкото созревање на личноста. Оваа стихозбирка, според нив, воедно претставува големо освежување за целокупната македонска поезија и вистински непресушен извор на животот, од кој секој читател може да ја црпе својата животна енергија.

**Б.О.**

Пензионери од Скопје во посета на новиот театар

# Воодушевени од грандиозноста на објектот

Над стотина пензионери од Скопје предводени од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски на 30 август 2013 година го посетија новиот објект на Македонскиот народен театар. Во придружба на министерката за култура, Елизабета Канческа-Милевска, и уметничкиот директор на Македонскиот народен театар, Дејан Пројковски, пензионерите прошетаа низ просториите на театарот, а водичите Мила Ангелковиќ и Рената Симоновска ги запознаа со сите поединости и значењето на овој грандиозен и репрезентативен објект на кој сите му се воодушевуваат. Притоа беа презентирани податоци околу изградбата, значењето на орнаментите со кои богато се украсени таванот, ложите и балконите, за сцената и другите детаљи, за кои изразија интерес посетителите. Импресивноста беше зголемена со сознанието за врвната технологија и системската опременост, за можностите при создавањето посакувани сценски ефекти, кои, покрај другото го овозможуваат 7.000 светилки, или, пак, со сознанието за 11.000 парчиња вградени орнаменти. Исто така, пензионерите имаа можност да ја видат и новопоставената свечена завеса на која е насликан стариот театар што постоел до 1963 година. За време на посетата, тие не го криеја своето воодушевување од раскошниот објект изграден на местото на стариот театар покрај Вардар на кој со носталгија се сеќаваат.



Театарот е отворен за сите граѓани што сакаат да го видат. Освен во понеделник, секој ден има четири термини за посети со водичи – во 11, 13, 15 и во 18 часот.

– Од отворањето на театарот посетеноста е огромна, што може да се види и од Книгата на впечатоци, во која има прекрасни зборови за се што може да се почувствува и да се види во театарот. Се надевам дека присутноста ќе биде уште поголема во наредниот период, рече министерката за култура Канческа – Милевска.

– Импресиите се многу големи. Ова е нешто невидено на овие простори и мислам дека ќе биде врежано кај секој посетител, особено кај нас постарите, зашто го знаевме стариот театар. Сега ова е нешто поново, многу поубаво и многу поперспективно, со повеќе сали, седишта... И благодариме на министерката за култура што ни излезе во пресрет да го посетиме овој објект бидејќи кај мене доаѓаа многу пензионери што сакаа да го видат и сега сите се одушевени. Соработката што Сојузот ја има со Министерствата за култура и за труд и социјална политика е во интерес на 288.000 пензионери во Македонија, од кои 250.000 се наши членови, и таа треба да биде пример, – истакна претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.



Изјава даде и потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста:

– Нашето воодушевување од сето ова што го видовме овде ни кажува дека Македонија има сили за вакви градителски потфати со кои ги дефинира својата историја и идентитет. Верувам дека, ако би се појавил некој голем цар од историјата, би посакал овој преубав објект да биде негов, но нема никому да му го дадеме, ова е наше македонско, ова и припаѓа исклучиво на Македонија.

Објектот му беше свечено предаден на Македонскиот народен театар во мај, а ќе биде отворен со премиерната претстава „Вечна куќа”.

**М.Д.**

# „РОМАНТИКО” на фестивалот „Санок седам ...”

Градот Радовиш по шести пат на 21.8.2013 година го одбележа својот патронен празник свети Спасо Радовишки кој воедно е заштитник на градот, со одржување на фестивал на староградска серенадна песна „Санок седам Трено” на грдскиот плоштад. На покана на организаторот на манифестацијата Центарот за култура „Ацо Караманов” учествуваше и кумановскиот вокално инструментален состав „Романтико”, кој работи при Културно–уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски” на ЗП Куманово.

Во центарот на градот на отворена сцена први настапија домаќините „Распеани радовишани” со пригодни песни и облека како за серенада. Потоа се претстави ансамблот „Серенада” од Виница, следеше Октетот „Свети Ѓеорги” од Ново Село, па „Распеани велешани”. Петти по ред настаија „Романтико” со „Фолклорна плетенка” и песните „Стариот Фенер згаснува” и „Бисеро моме Бисеро”. Потоа следеше музичката група „Никола Вапцаров 2005” од село Струма – Бугарија, а последни беа „Бели Мугри” од Центарот за култура во Кочани.



Ова беше прв настап на ансамблот „Романтико” под раководство на музичкиот педагог Атанас Петровски и членовите Драган Петровски, Владимир Ангеловски, Трајан Трајковски, Бранко Станојковски, Киро Иванов и Радосвет Илиевски. Од самиот почеток беа поздравени од публиката со аплауз како и по секоја музичка нумера за одличниот и високо професионалниот музички исказ. Песните одбрани како по содржината така и по убавото пеење, беа полн погодок и беше задоволство да се слушаат. Иако составот егзистира само една година со постојани проби „Романтико” уметнитнички достигна забележителни резултати.

По завршувањето на фестивалот следеше доделување на благодарница и дружење. **С. Ламбаша**

### U mbajtën garat republikane sportive të pensionistëve

# Triumfoi shoqata e Ohrit dhe Debarcës

Pensionistët në Republikën e Maqedonisë, vazhdojnë me aktivitete të ngjeshura në të gjithë sferat duke filluar nga ato kulturore, sportive, ekskursione etj. Kështu ndodhi edhe në garat sportive Republikan që u mbajt në Shtip.

Për herë të 18 u shënuan garat sportive Republikane të shoqatave të pensionistëve në të cilën morën pjesë 700 pensionistë nga mbarë vendi. Në fjalën përshëndetëse, ministri i Punës dhe Politikës Sociale Dime Spasov, tha se ne si ministri gjithmonë kemi përkrah këtë kategori dhe jemi të kujdesshëm si në përmirësimin e jetës të tyre ashtu edhe për pagesë të rregullt të pensioneve dhe lartësinë e tyre. Ai shtoi se ministria në fjalë ka realizuar dhe po realizon projektin qeveritar për shfrytëzimin e banjave pa pagesë të pensionistëve edhe atë për herë të pestë. Njëherësh, kryetari i Shtipit Ilço Zahariev, duke përshëndet pensionistët në këtë takim, potencoi se si pushtet vendor jemi gjithmonë në mbështetjen të pensionistëve në shumë aktivitete që ata realizojnë. Respektojmë këtë moshë dhe jemi shumë afër tyre.

Lojërat i shpalli të hapura kryetari i shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë Dragi Argiroski i cili tha se kjo shoqatë do të vazhdojë me sukses të gjithë aktivitet që janë parapare me planin vjetor. Dita ditës është duke u rritë numri i pensionistëve të cilët marrin pjesë në këto gara dhe të cilët janë më aktiv. Me këto takime ato pos aktiviteteve sportive që janë tejet të dobishme për këtë moshë, njëherësh janë edhe shumë domethënëse për socializimin dhe shoqërimin e moshës të tretë duke u larguar nga streset dhe obligimet e përditshme, shtoi Argiroski.



Garat republikane sportive të shoqatave të pensionistëve u realizuan në një atmosferë mjaft të ngrohtë dhe argëtuese. Morën pjesë 700 pensionistë nga 55 shoqata të pensionistëve që veprojnë në Maqedoni. Lojërat u zhvilluan në disa disiplina sportive edhe atë në pikado, shah, tablo, domino, gjuajtje etj. Pensionistët e shoqatës të Ohrit dhe Debarcës u treguan më të shkathët ku për të tretën herë ato ishin dominues në të gjithë disiplinat. Edhe nga shoqata e pensionistëve Dibër- Qendër Zhupë morën pjesë në këto gara edhe atë në disiplinat pikado dhe domino. Kryetari i Komisionit për sport dhe rekreacion të shoqatës të Dibrës Irfan Ushtelenca tha se është kënaqësi që të jesh pjesëmarrës në këto aktivitete të shoqatës edhe pse nuk korrëm fitore.

Nënkryetari i shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë Besnik Pocesta dhe njëherësh edhe kryetari i shoqatës të pensionistëve Dibër-Qendër Zhupë, tha se mosha e tretë është shumë aktive dhe me shumë përkushtim i realizon të gjithë aktivitetet si ato sportive, kulturore, ekskursione dhe shumë aktivitete të tjera. Është moshë që tani ka nevojë për këto aktivitete dhe takime. Andaj, ne vazhdojmë me aktivitete që tani më janë bërë tradicionale për pensionistët e vendit.

**Vjollca Sadiku**

### Mbledhja e KE i LShPM

# Rezultate mbi të priturat

Më 27 gusht 2013, Këshilli Ekzekutiv i LShPM, mbajti mbledhjen e vet në të cikën përveç anëtarëve të KE ishin të pranishëm edhe: Besnik Pocesta, nënkryetar i Kuvendit të LShPM, Kërste Angellovski, kryetar i LShP



të qytetit të Shkupit, Zdravko Petkovski, kryetar i komisionit për sport, Milevka Zdravkovska, kryetare e komisionit për jetën kulturore zbavitëse, Mihail Vasilev kryetar i ShP Shtip dhe Konçe dhe Vanovski Nikolla përgjegjës për garat sportive republikane.

Mbledhja ishte thirrur për t'u informuar anëtarët për rezultatet e garave sportive regjionale, si dhe për përgatitjet për garat e 18 Republikane sportive të pensionistëve të cilat do të mbahen më 7 shtator 2013 në Shtip, si dhe për Revyalin Republikan të këngëve, muzikës dhe lojërave.

Kryetari i komisionit për sport Zdravko Petkovski e arsyetoi raportin për garat sportive regjionale të cilat me sukses ishin realizuar në 8 regjione të shtetit, dhe se përgatitjet rrjedhin me sukses dhe në vazhdimësi dhe ashtu siç duhet, informoi Mihail Vasilev, kryetar i ShP Shtip dhe Konçe.

Milevka Zdravkovka, kryetare e jetës kulturore zbavitëse, informoi për Revyalin e gjashtë regjional të këngëve, muzikës dhe lojërave si dhe për Revylin Republikan e cila u mbajt nën patronazhin e ministres për kulturë Elizabeta Kançevska – Milevska dhe tha se prej viti revyalet e këngëve, muzikës dhe lojërave janë gjithnjë e më masive dhe më kualitative çka është shembull për gjeneratat e reja se si ruhet trashëgimia kulturore e një shteti.

Në fund të mbledhjes, kryetari i LShPM Dragi Argirovski i dhuroi një falënderim Kërste Angellovskit – ryetar i LShP të qytetit të Shkupit i cili ishte nikoqir i suksesshëm dhe bashkë organizator i Revyalit Republikan i këngëve, muzikës dhe lojërave në 2012 dhe 2013 të cilat u mbajtën në Sallën universale në Shkup. **K.S.A.**

# Pensionistët të mahnitur me teatrin e ri

Në shoqërim të ministres për kulturë, Elizabeta Kançeska-Milevska, dhe drejtorit artistik të teatrit Maqedonas, Dejan Projkovski, pensionistët vizituan këtë godinë të re dhe u mahnitën me



atë çka panë: skenën, ornamentet, ballkoni, perdja e re solemne në të cilën ishte fotografuar teatri i vjetër i cili kishte ekzistuar deri në vitin 1963 etj.

- Përshtypjet janë shumë të mëdha. Kjo është diçka e pa parë në këto hapësira. Falënderim ministres së kulturës që na doli në ndihmë që ta vizitojmë këtë godinë sepse tek unë kanë ardhur shumë pensionistë të cilët donin ta shohin dhe ja tani, të gjithë janë të mahnitur. Bashkëpunimi të cilin ka Lidhja me Ministrinë e kulturës dhe me atë të punës dhe politikës sociale është në interes të 288.000 pensionistëve në Maqedoni, prej të cilëve 250.000 janë anëtarët tonë, - theksoi kryetari i LShPM Dragi Argirovski.

- Që nga hapja e teatrit, vizita është e madhe, çka mund të shihet edhe nga Fletorja e përshtypjeve , në të cilën ka fjalë miradije për gjithë atë çka mund të shihet në këtë godinë të teatrit, - theksoi ministrja e kulturës.

Deklaratë për këtë vizitë të teatrit dhanë: Ministrja e kulturës Kançeska Milevska, kryetari i LShPM Dragi Argirovski dhe nënkryetari i Kuvendit të LShPM Besnik Pocesta. **Kalina S. Andonova**

### ShP Tetovë

# U vërtetua me marrëveshje bashkëpunimi me komunat

Shoqata e pensionistëve të Tetovës, me gjashtë komunat e saj, bashkëpunimin reciprok e vërtetoi me marrëveshje. Qëllimi kryesor i lidhjes së bashkëpunimit është që pensionistëve t' ju mundësohet jetë më e mirë dhe kushte më të mira për kalimin më të mirë dhe më përmbajtësorë të viteve në moshën e tretë. Shoqatën e pensionistëve të Tetovës e përbëjnë 11.000 anëtarë nga krahina e komunave Tetovë, Bogovinë, Bërvenicë, Zhelinë, Jegunovcë dhe Tearcë.

Marrëveshjet për bashkëpunim me komunat dolën si nevojë e Memorandumit ndërmjet LShPM dhe dhe BVL (ZELS), por edhe nga kontaktet me kryetarët e komunave dhe të personave udhëheqës të Shoqatës. Këto takime u mbajtën në atmosferë të marrëveshjes së ndërsjellë, ndërkaq, në funksion për të mirën e grupeve qëllimore në komunat.

Ishte arritur marrëveshje e plotë, e cila është përmbajtje e marrëveshjes, kur në komunat shqyrtohen çështje të cilat kanë të bëjnë me pensionistët ose në përgjithësi për personat e moshuar, në ato shqyrtime të marrin pjesë edhe përfaqësues të ShP Tetovë. Ishte arritur pajtueshmëri e plotë për angazhimin reciprok për hapjen e së paku një klubi të pensionistëve në çdo komunë si dhe formimin e kushteve për punë në këto klube edhe në vendbanimet tjera më të mëdha në komunë. Disa komuna do të marrin pjesë në lejimin e mjeteve financiare për ndihmë të njëhershme të pensionistëve me të ardhura më të vogla. Kryetarët e ko-



munave, morën për sipër për sigurimin e transportit pa pagesë të pensionistëve së paku një herë në javë, jo vetëm në territor të komunës, por edhe deri në Tetovë.

Me marrëveshjet ishte precizuar që ShP Tetovë të ngrejë nismë për ndërtimin e një shtëpie regjionale për persona pleq. Për këtë çështje, ishte marrë për sipër që nisma të shqyrtohet në mbledhjen e punës të zhvillimit regjional të Pollogut, në të cilin janë të gjithë kryetarët e komunave, kryetar i së cilës për momentin është z. Teuta Arifi, kryetare e Tetovës. Me marrëveshjen është paraparë me bashkëpunimin e komunave të rregullohen lokalet në Shtëpinë pensionistëve në Tetovë, në të cilin mund të strehohen rreth 15 pensionistë, kryesisht ata të cilët nuk e kanë të rregulluar siç duhet çështjen banesore ose që për çfarëdo shkaku kanë ngelur pa hapësirë për strehim, ndërkaq që i takojnë kategorisë së pensionistëve me të ardhura më të ulëta.

**S. Dimovski**

### Jubileu 35 vjeçar

# Pensionistët këndojnë



Ekzistimin e vet 35 vjeçar, grupi këngëtar "Sirma Vojvoda", e cila është në përbërje të Shoqatës së pensionistëve nga Manastiri, e shënoi me manifestimin me moton "Pensionistët këndojnë".

Me përkrahje organizative të Shoqatës së pensionistëve nga Manastiri, manifestimi u mbajt më 25 gusht të vitit 2013, në Qendrën për kulturë në Manastir. Të pranishmit së pari i përshëndeti kryetari i Shoqatës së pensionistëve nga Manastiri Tome Ilievski, i cili duke ju uruar jubileun grupit këngëtar "Sirma Vojvoda", ju dëshiroi suksese edhe më të mëdha në punën dhe angazhimin e mëtejshëm, ndërkaq, mysafirëve të cilët morën pjesë në këtë manifestim, çaste të këndshme në Manastir.

Kryetari i LShPM Dragi Argirovski, duke theksuar organizimin e shkëlqyeshëm të manifestimit në fjalë, ju uroj jubileun grupit këngëtar "Sirma Vojvoda", me dëshirë që aktiviteti i tyre në periudhën e mëtejme të jetë edhe më përmbajtjesorë, duke i përfaqësuar pensionistët në dritën reale.

Në manifestimin "Pensionistët këndojnë", morën pjesë trembëdhjetë grupe këngëtarësh, të cilat u përfaqësuan me këngë popullore dhe qytetare të vjetra edhe atë: "Sirma Vojvoda" nga Manastiri, ShKA "Penka Koteska" nga Prilepi, ShKA "Penzioner" nga Prilepi, grupet këngëtare nga qytetet Gjevgjeli, Kavadar, Vallandovë, Negotinë, Bogdanc, Veles, Dojran, Kërçovë, Strugë si dhe këngëtari solo Trajko Llazarov nga Shoqata e invalidëve nga Kavadari.

**Dobre Todorovski**

### ShP Saraj

# Pushim i organizuar në bregdetin shqiptar

Në Shoqatën e pensionistëve të komunës Saraj, pushimi i organizuar veror në bregdetin shqiptar po kalon në tradicional. Prej viti në vit, interesimi i pensionistëve për t'i kaluar pushimet bashkërisht vinë duke u shtuar. Deri sa në vitin e kaluar ishte një autobus, këtë vit ai numër u rrit në dy autobus me rreth 100 pensionist. Një pjesë prej tyre, për herë të parë ishin në Shqipëri, andaj, edhe emocionet te ata ishin më të shprehura.

Edhe këtë vit, lokaliteti për pushim veror të organizuar ishte Kompleksi Turistik Tirana i cili për këtë kategori personash ofroj kushte më të mira.

Pushimi u realizua në dhjetë ditët



e para të muajit shtator. Koha qëlloi e mirë dhe gjatë rrezitjes, nuk mungoi loja e shahut. Nuk munguan as barsoletat dhe anekdotat.

Për shëndetin e pensionistëve, u përkujdes mjeku Dr. Jani Deçkov i cili është edhe anëtar i KE të kësaj shoqate. Ai tha se marrë në përgjithësi në aspektin shëndetësor nuk ka pasur ndonjë problem serioz. Ka pasur pak probleme me tensionin, ndonjë dhimbje barku, ndonjë vjellje, për çka ju ka dalë në ndihmë me medikamente adekuate.

Të gjithë pjesëmarrësit në këtë pushim të organizuar veror, u kthyen shëndosh e mirë dhe të kënaqur, me dëshirë që t'ju shërbej shëndeti që të shkojnë edhe vitin e ardhshëm.

**Baki Bakiu**

### ShP Strugë

# ”Pitijadata“ – manifestim me më shumë përfitime

Në kuadër të aktiviteteve të veta programore, Shoqata e pensionistëve nga Struga, më 17 gusht 2013, organizoi "Pitijadë", e cila u mbajt në orët mbrëmjes në çarshinë e Strugës e cila zgjoi interes të madh tek qytetarët dhe turistët të cilët në atë kohë u gjendën në çarshi, si tek ata vendor, po ashtu edhe tek të jashtmit.

Rreth njëzet pensionistë të vyeshëm, prezantuan specialitete të ndryshme shtëpiake – prodhime të brumit, të kripura dhe të ëmbla, karakteristike për krahinën tonë. Prodhimet e bukura dhe të shijshme ishin shitur me çmime minimale. Gra- të ishin ata me të ardhura më të vogla, ashtu që mjetet ishin me rëndësi dhe një infuzion financiar i vogël për ata.

Përndryshe, Shoqata ka parasysh që të vazhdojë edhe në të ardhshmen me aktivitet të këtij lloji edhe atë në periudhën verore në interes të pensionistëve dhe të qytetit.

Në përbërje të grave ishin të pranishme edhe gra nga nacionalitete të ndryshme edhe atë maqedonase, shqiptare, vllahe dhe turke. Kjo paraqitje, ndër të tjerat është edhe mundësi për forcimin e bashkëjetesës në qytetin tonë shumetnik siç është Struga. **Uranija-Nina Poposka**

ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА

ХОТЕЛ Идила






**тел. за контакт 02 2666 113 078 366 116**
**Адреса: Ул. Призренска бр. 50/2,**
**Кучевишка бара, 1000 Скопје**
**www. idila.mk**

Хотел Идила е нова приватна установа за социјална заштита на стари лица. Лоциран е на 8 км од центарот на Скопје, во природно зелено опкружување и панорамски поглед кон градот.

Имено, Хотел Идила располага со 38 соби и 5 апартмани, сите опремени со ТВ приемник и индивидуален тоалет со туш. Покрај современо опремените соби и апартмани, Хотел Идила располага и со комфорен дневен престој и трпезарија од 150 $м^2$, рецепција со приемен дел за посета на гости, кујна и административни простории.

Прекрасната нова зграда во класичен стил е надополнета со 5000 $м^2$ хортикултурно уреден двор. Овој простор е распределен на:

- Неверојатна градина со фонтана и клупи,
- Цвеќе и зеленило,
- Просторно шеталиште,
- Овоштарник,
- Мала зоолошка градина,
- Паркинг простор.

Ние овозможуваме нашите гости да уживаат во своите пензионерски денови исполнети со исклучителна услуга од учтив и љубезен персонал. Грижа за хигиената во домот, пазарување во маркетите, готвење на храна, чиста и пеглана облека... Сето тоа сега е наша грижа.

Заеднички пикник во градината, додека нашиот готвач се грижи за скарата да биде свежа, квалитетна и топла, е слика што во Хотел Идила често се гледа.

Едно е сигурно, во Хотел Идила никогаш нема да бидете осамени, а на чувството на здодевност сигурно и ќе заборавите.

Посветеноста на здравјето кај повозрасните лица никогаш не било поважно. Затоа ние се трудиме да водиме постојана грижа за главните медицински индикатори кои посочуваат кон одреден здравствен проблем.

Сето ова го прави Хотел Идила еден посебен комплекс со иновативен дух и предиспозиции за совршен сместувачки капацитет за лица во златната доба.

Едноставно, Хотел Идила го знае сонот на секој пензионер!

# 10 знаци за разгалено дете

Честопати бабите и дедовците се обвинуваат дека ги разгалуваат внуците. Веројатно во тоа има вистина. Но роителите заборават дека бабите и дедовците со годините стекнале искуство и мудрост кои им помагат и во односот со нивните внуци. Меѓутоа, обвинувањата се дека тоа се случува заради нивната преголема љубов.Чудно?! Никој не страда и не настрадал од преголема љубов и внимание, туку напротив. Се страда ако тие нешта недостасуваат. А што се однесува до сакањето тоа е точно. Тие во третото доба највеќе им се посветени на своите деца, а посебно на внуците. Не е тајна дека огромен број на баби и дедовци се лишуваат од многу задоволства во име на таа љубов и желба да помогнат. Сигурно никој не верува дека полесно е да чуваш мало дете на 70 години отколку да прошеташ со пријателите, да прочиташ добра книга или да слушаш музика... Интересно, синовите и ќерките понекогаш се заборават во своите барања, но единствена утеха е дека и тие еден ден ќе го доживеат сето ова и ќе им стане јасно.

Но, да се вратиме на поимот разгалено дете и како да се препознае тоа. Препознајте ги знаците ако ги има и трудете се да му помогнете на вашето внуче да биде добар и психофизички стабилен човек. Еве листа од десет знаци, кои можеби укажуваат на тоа дека детето е разгалено:

**1. Чести изливи на бес -** Еден од најсигурните знаци за разгалено дете се честите изливи на бес и лутина, како во јавноста, така и во домот.

**2. Детето никогаш не е задоволно -** Разгалените деца често пати не можат да изразат задоволство со тоа што го имаат. Кога ќе видат некој друг со нешто што тие го немаат, ќе го посакаат истото.

**3. Не сака да помага -** Ниту едно дете не е воодушувено од идејата за средување, но кога ќе претстанат да бидат бебиња мораат да почнат да помагаат во помалите работи, како што се раскревање на играчките и ставање на чевлите во шкавче и друго.

**4. Се обидува да ги контролира возрасните** – Разгалените деца често пати немаат граница во односот кон врсниците и кон возрасните – од сите очекуваат константно да ги слушаат нивните наредби и да ги исполнуваат нивните барања и желби.

**5. Често ве бламира на јавно место -** Испадите од време на време се нормална појава, но кога детето намерно ги посрамува родителите или своите баба и дедо во јавност заради привлекување внимание, ситуацијата станува алармантна и мора нешто да се превземе.

**6. Не сака да дели -** Делењето е тежок поим со кој децата мораат да научат да се носат, но кога ќе наполнат четири години, мораат да бидат подготвени да делат играчки, колачиња, боици и друго со браќата и сестрите, но и со другите деца.

**7. Морате да го молите -** Родителите или бабите и дедовците се авторитети и мораат да се слушаат. Кога нешто ќе побараат од детето, а тоа не одговара на барањето, не би требало да го молите детето, туку треба тоа да го побарате енергично, при тоа објаснувајќи му зошто мора тоа да го направи.

**8. Ве игнорира -** Ниту едно дете не сака да слушне „не”, но не би смеело да ве игнорира додека нешто му зборувате.

**9. Не сака само да си игра -** До четвртата година детето би требало да биде подготвено и способно само да си игра и тоа долго. Доколку постојано му се потребни родителите или пријателите за игра, тоа е знак дека има потреба за внимание.

**10. Морате да го подмитувате -** Бабите и дедовците, а посебно родителите, не би требало да ги подмитуваат децата.

И на крајот уште нешто околу бабите и внуците. Бабите и дедовците, велат нашите синови и ќерки, не треба да се мешаат во воспитувањето на внуците, бидејќи заради преголемата љубов честопати се не критични, но тие при тоа забораваат дека бабите и дедовците поминуваат многу подолго време со нив отколку нивните родители кои преокупирани со кариера и други нешта немаат време за своите деца!

**З. Кацеска**

# Опасни ли се амалгамските пломби

Амалгамот, како средство за пополнување на оштетени заби со кариес, се употребува веќе долги години. Пломбите изработени од амалгам познати се и како „сребрени пломби”. И покрај познатиот факт дека тие содржат и до 50 % жива, во повеќето земји на светот сè уште се сметаат за сигурни по здравјето, а многу стоматолози и им даваат предност, бидејќи механички се поотпорни и двојно потрајни од белите забни пломби. Исто така, една од предностите на амалгамските пломби е и нивната ниска цена, што ги прави да бидат за секого достапни.

Инаку, за опасноста на амалгамските пломби почна да се говори во поново време. И денес повеќето луѓе не знаат дека таквите пополнувања можат да бидат штетни по здравјето. За жал, и покрај многубројните и сè погласните предупредувања на научниците, ФДА не ја забрани употребата на амалгамските пломби, освен ако се работи за деца помлади од 6 години, трудници и за лица со нарушено здравје. Тогаш ФДА пред употреба на овие забни пломби советува консултација со лекар. Се добива впечаток дека таквите пломби потенцијално би можеле да бидат штетни за деца, трудници и лица со ослабнат имунитет. Но, не и за остатокот од популацијата. Тоа не е така. Живата е извор на опасности не само за трудници и за деца, туку и за сите нас.

Многумина не знаат дека живата е опасен канцероген отров, особено за имунолошкиот систем. Во минатото, речиси сите вакцини содржеле жива, а многу од нив ја содржат и денес, како на пример вакцината против грип. Така, утврдено е дека живата за 10 % го зголемува ризикот за заболување од Алцхајмеровата болест. Во согласност со тоа, не е тешко да се заклучи дека грижата околу присутноста на отровот во нашата уста не е неоснована. Дури и заговорниците на амалгам пломбите признаваат дека од такви забни пломби со тек на време може да дојде до испуштање на живина пареа која со вдишување се апсорбира најмногу во белите дробови, а потоа преку крвта доаѓа до сите органи. На тој начин живата од пломбите може да стане причинител на разни болести како што се: карцином, Алцхајмерова, Паркинсонова и Кронова болест, реуматоиден артритис, мултиплекс склероза, болест на бубрезите, гастритис, колитис, алергии и астми, болки во мускулите, несоница, анксиозност, проблеми поврзани со учење и концентрација, исцрпеност, хроничен умор, депресија и други.

Американските научници врз база на мерење на концентрацијата на жива во телото на лица заразени со кандида заклучиле дека дури **80 %** испитаници имале зголемено ниво на жива во телото. Живината пареа се испушта од пломбите со џвакањето и со миењето на забите, а ако имате повеќе такви пломби, штетата е потенцијално поголема. Се смета дека најголема изложеност на жива се случува во текот на ставањето и отстранувањето на амалгамските пломби и тоа како за пациентите, така и за стоматолозите!

За жал, не се знае дали е поопасно таквите пломби да се задржат или да се отстранат, бидејќи со невнимателно отстранување големи количини на жива можат да завршат во организмот. Одлуката за замена на живините пломби е индивидуална и подложна на лична процена на потенцијалните штети на подолг или пократок рок. Ако сте се решиле за отстранување на амалгамските пломби, секако пронајдете забар кој ќе го разбере вашиот став и ќе ги извади со максимално внимание.

Значи, воопшто не е спорно дека амалгамските пломби не се безопасни. Затоа, ако морате да ставате пломба, издвојте пари за бели. Не дозволувајте на забарот да ви става амалгамски пломби и да го доведе во опасност вашето здравје. За среќа, употребата на амалгами е во опаѓање, пред сè од естетски причини. Белите пломби кои не се опасни по здравјето се состојат од кварц и различни минерали на смола. Недостаток е што се послаби, полесно се кршат и испаѓаат, поради што треба почесто да се менуваат. Во секој случај алтернатива постои, а предноста на белите пломби по здравјето се немерливи во однос на парите.

Се поставува прашањето до кога амалгамските пломби ќе се ставаат во оштетените од кариес заби? Последниот збор за тоа дали амалгамските пломби и понатаму ќе се користат или не, би требало да и се препушти на науката. Но, тоа за жал сè уште не е така. Како и многу други одлуки кои се однесуваат на лековите и на лечењата, и овие подлегнуваат на материјалните интереси. Заверата на молчење за штетноста на амалгамите произлегува од едноставен факт дека тие се поврзани со профитот.

Во некои земји користењето на амалгамските забни пломби е забрането. Така е на пример во Норвешка и во Данска, но најмногу поради грижа за зачувување на околината, а не толку заради здравјето на луѓето! Единствено во Шведска е забрането и поради опасност по здравјето. **Во останатите земји на светот искористениот и отстранет амалгам подлегнува на строги правила за одлагање на токсичните материјали** од што совршено е јасно дека станува збор за опасен отров.

**Т.Г.**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

**Најдолга коса во светот? -** На почетокот на дваесеттиот век, некој монах кој живеел во манастир во Индија имал коса чија должина изнесувала 7.92 метри. Следна е Жан Бунфорд, жена која е родена во Англија 1895 година, која имала коса којашто допирала до нејзините зглобови на нозете, а била висока 235 сантиметри.

**Најдолги мустаќи во светот? -** Најдолгите мустаќи пак, му припаѓале на кој друг ако не на Индиец. Од едниот до другиот крај, должината на мустаќите му изнесувала цели 259 сантиметри.

**Најдолга брада?-** Сопственикот на најдолгата брада живеел во Норвешка и имал брада која била подолга од 5.18 метри!

**Најголема бубачка на светот? - Titanus giganteus** е најголемата бубачка на светот. Нејзината должина изнесува околу 18 см, истата има моќна вилица со која може да преполови молив на два дела. Сепак, таа е целосно безопасна за луѓето.Живее во тропските шуми на Јужна Африка и важи за мистериозна бубачка бидејќи нејзините ларви сеуште не се откриени. Интересно е тоа што возрасните мажјаци не консумираат храна, туку се верува дека ги користат резервите од периодот кога биле ларви.

**Најбрзо животно на планетата? -** Најголемата брзина со која човек може да трча е околу 40 км на час. Најбрзото куче, ловечкото, постигнува брзина од 65 км на час. Тркачите коњи трчаат со 80 км на час, а антилопите се движат со скоро 95 км на час. Но ниеден од нив не може да се мери со најбрзото тркач на планетата – гепардот кој трча со неверојатни брзина од 110 км на час! Оваа брзо, грациозно животно живее во Азија и Африка. Тамошните ловџии му ги заврзуваат очите на животното и го држат на ланец. Кога ќе започне играта, гепардот се ослободува и спринта кон пленот, а кога ќе го фати го држи се додека не дојдат ловџиите.

**Најширок мост на светот? -** Кога би ве прашале кој е најдолгиот мост на светот, сигурно би се сетиле да кажете неколку. Но, на прашањето кој е најширокиот мост на светот, сигурно би се замислиле. Тоа е Сиднејскиот Заливски мост со оригиналното име „Sydney Harbor Bridge”. Познат по многу фотографии и по величенствениот огномет за Новата година. Овој челичен мост е изграден во далечната 1932 година, со вкупна должина од 1150м, и лак од 510м и е еден од најдолгите мостови во светот. Ширината на овој мост е околу 50 метри, и е најширок мост на светот, со 8 коловозни ленти, две шински патеки, патека за пешаци и патека за велосипеди.

**З. К.**

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Разговараат маж и жена:

– Миличок дали би ме сакал и кога би била далеку од тебе?

– Да, драга, тогаш би те сакал уште повеќе!

* * *

Разговараат дедо и внуче:

– Дедо зошто моите заби се млечни?

– Затоа што пиеш млеко.

– А твоите значи се пивски, ти пиеш пиво!

* * *

Постарата сестра која е бремена му вели на своето многу помало братче:

– Братче ќе станеш вујко!

– Не сакам, сакам да станам пилот!

* * *

Одат двaица пијани по пруга.

– Многу скали бре Перо.

– Не се секирај, еве го иде лифтот.

* * *

Му се фали Трпе на Перо:

– Утепав три женски муви и пет машки!

– Е како занаеше кои се машки, а кои се женски?

– Многу лесно: Трите беа на огледалото, а петте на пивското шише!

* * *

Си доваѓа Мујо дома и ги гледа Хасо и Фата во кревет. Лут му вели:

– Добро бре Хасо така ли е фер, нели сме другари од деца?

– Не знам зошто се лутиш, па нели сме си дале збор дека се ќе делиме, и добро и лошо!

* * *

Разговараат две комшивки:

– Како го спречи мажот ти да не брка други жени?

– Му ја скршив ногата и си седи дома!

* * *

Во книжарница влегува маж и прашува:

– Ја имате ли книгата „Мажот е главен во домот„?

– Бајките се на горниот рафт – одговорила продавачката.

* * *

Замисли дадов оглас во весник дека барам жена. Ми се јавија 275 души со иста понуда:

– Земи ја мојава!

## Штурецот и мравката




Цело лето штурецот си свирел, па кога почнал да дува северецот тој немал ниту ронка храна. Видел – не видел, отишол кај својата сосетка мравката, и се пожалил оти е гладен и ја замолил да му даде на заем некое зрно жито за да се прехрани до пролет.

– Ќе ти го вратам заемот, и тоа со каматa, уште пред да дојде есен, само дај ми храна колку да преживеам. Цел век ќе ти бидам благодарен.

– А што правеше летоска? – го прашала мравката.

– Летоска? Свирев. И дење и ноќе занесно им свирев на минувачите.

– Им свиреше на минувачите? Е, па убаво, тогаш зимава играј! Му рекла мравката на штурецот.

ЗП Кочани

# Величествен собир на пензионерите

Традиционалната средба на пензионерите од Македонија кај манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон" недалеку од Кочани се одржа на 11 август и на неа присуствуваа над две илјади пензионери од дваесетина здруженија на пензионери од цела Македонија. Ова е четврта година по ред како пензионерите од Маке-



донија се собираат во Пантелеј на заедничка средба и веселба.

– Традицијата ја одржуваме веќе четврта година и мошне сме задоволни од одзивот на пензионерите. Настојуваме да го збогатиме престојот со бројни содржини меѓу кои и со богата културно–забавна програма, истакнува Ѓорги Серафимов, претседател на ЗП Кочани.



На свеченото отварање на средбата присутните ги поздравија домаќинот Ѓорги Серафимов, претседателот на Советот на Општина Кочани Иван Иванов, како и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Средбата, овде во манастирскиот комплекс „Св. Пантелејмон" крај Кочани, е од особено значење за нас пензионерите дотолку повеќе што секоја година масовноста во делот на посетеноста се зголемува, како и учеството на ансамбли од пензионерски здруженија кои учествуваат во културно–забавната програма, истакна Аргировски пред присутните.

Средбата во Пантелеј претставниците на ЗП од повеќе градови на Македонија ја искористија за меѓусебен договор за понатамошна соработка, а домаќинот Ѓорги Серафимов информираше за добиената Петровденска награда на Општина Кочани, како и за подготовките за отпочнување со градба на Домот за пензионери за кој веќе е подготвено идејното решение.

Во културно–забавната програма учествуваа фолклорни ансамбли, групи и солисти од здруженијата на пензионери од Кавадарци, Македонска Каменица, Куманово и Кочани. Посетителите се восхитуваа на вредностите на манастирскиот комплекс „Св Пантелејмон" и богатите фрески и икони од средината на 19–от век од познатиот иконописец Димитрија Андонов Папрадишки и неговата тајфа.

**К. Герасимов**

# Трескавец поблизок и за пензионерите

Со пуштањето во употреба на патот до манастирот Трескавец во Прилеп на 28 август 2013 година и овој значаен и единствен по многу нешта духовен храм, сигурно дека во иднина ќе биде редовна дестинација во туристичките тури и излети и на пензионерите од цела Македонија. Досега малкумина од повозрасните, а посебно пензионерите, имаа можност да се искачат на 1600 м. надморска височина на Трескавец и да го посетат манастирот на Пресвета Богородица. Ако не до крајот на оваа година, бидејќи пензионерските екскурзии се однапред планирани, но сигурно од идната година, ќе се бара билет повеќе во мини автобусите за екскурзијантите–пензионери што ќе посакаат да го посетат овој стар и по многу нешта единствен манастир на Балканот.



Решеноста на Владата, посветеноста на ресорните Министерства, иницијативноста на прилепските локални власти и упорноста на изведувачот, го направија и невозможното – го поврзаа манастирот со асфалтен пат за чија градба беа потрошени 1,5 милиони евра. Лани, токму на 28 август, беше поставен камен темелник, а годинава свечено беше пуштен патот кој води до овој надалеку познат манастир.

– Во програмата беше зацртана градбата на патот и во изминативе години работевме на тоа. Сепак, од буџетот се инвестираа 83 милиони денари. Со изградбата Прилеп ќе стане уште поатрактивна дестинација, која ќе овозможи развој на манастирскиот, но и на други видови алтернативен туризам. Дополнително со обновата на конаците, новите археолошки испитувања на добро познатите локации во негова близина, се очекува годишна посета од над 50 илјади туристи, – рече премиерот Никола Груевски при свеченото пуштање на патот.

Пред една година, на големиот христијански празник, Успение на Пресвета Богородица, министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески со министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска, со градоначалникот Марјан Ристески, со отец Климент, ветија дека ќе се потрудат за една година патот да стане реалност и дека ќе помогнат во побрзата обнова на конаците кои изгореа на 4–ти февруари годинава. Така навистина и се случи.

За значењето на манастирот и возобновувањето на конаците и за поддршката на локалната самоуправа, говореше градоначалникот Марјан Ристески, кој истакна дека ова духовно здание за неколку години ќе светне со сиот сјај над цела Пелагонија.

Со пуштањето во употреба на патот до манастирот Трескавец, пензионерите ќе можат да бидат поблиску до овој планински и редок објект, а со тоа ќе се развие и планинскиот туризам во Македонија.

**К. Ристески**

# Иван Русјаков афорист од пионер до пензионер



**Во неколку броја на весникот „Пензионер плус" беа објавени ваши афоризми кои вие ги нарекувате пензиеризми. Кога и како почнавте да пишувате вакви „зрнца" во кои се сплетени мудрост, хумор и сатира?**

– Во прво одделение тргнав знаејќи убаво да читам и пишувам. И уште тогаш имав афинитет кон афоризмите, хуморот и сатирата иако во тоа време не ни знаев што значат овие зборови кои на некој начин ми станаа верни животни сопатници. Во тоа време напишав еден текст за годишните времиња, кој иако беше добар, без дисквалификуван бидејќи најверојатно тие што го читале не го разбрале. Но не им се лутам. И ден денес многупати некои од моите афоризми луѓето различно ги толкуваат и разбираат, но тоа е и целта на овој вид творби. Значи почнав да творам уште од прво одделение, затоа, може да се рече, дека јас сум афорист цел живот, од пионер до пензионер.

**Каде ги пронаоѓате темите за вашите афоризми?**

– Насекаде околу мене: кога шетам, во автобус, кога нешто работам или се одмарам ги создавам. Порано беше потешко, требаше да ги пишувам, препишувам... Потоа дојдоа нови времиња, а со нив и персоналните компјутери и се стана полесно. Инаку јас целиот работен век го поминав во компјутерски центар, па така покрај афоризмите „пријатели" ми се и компјутерите кои за разлика од нас пензионерите многу побрзо стануваат стари и неупотребливи.

**Каде ги пласирате афоризмите кои ги создавате?**

– Мои афоризми оделе во многу електронски емисии и печатени весници и списанија. Ги имаше речиси во сите списанија за хумор и сатира на бившите ЈУ простори. Мои афоризми имаше во: Остен, Јеж, Чивија, Стршел, Вен и други, но имаше и во таквите списанија и во земјите од соседството. Исто така, мои афоризми има речиси во сите енциклопедии од соседните земји, а имам издадено и неколку книги. Со други зборови создадов големо богатство од афоризми, но за жал од тоа не се збогатив!

**И на крајот како ви минуваат пензионерските денови?**

Убаво. И денес пишувам афоризми кои денес ги нарекувам пензионеризми.

**К. С. Андонова**

# „Балванот" на Натка Цебова

Една мудра мисла вели: „Доброто дело ги храни и душата и телото". А кога станува збор за пишано дело, треба да се нагласи дека тоа го надживува и својот автор. Такво дело пристигна во нашата редакција со кое сакаме да ве запознаеме.Станува збор за романот „Балванот" од пензионираниот просветен работник Натка Хаџијанева – Цебова.




Авторката е родена 1945 година во Штип, каде што го завршила основното, средното и вишото образование. По завршувањето на педагошката академија, таа се вработила како воспитувач во предучилишната установа „Снежана" во Скопје. Таму работела десет години, а потоа продолжила како наставник во забавишна група во училиштето „Кузман Јосифовски – Питу" во Скопје, се до пензионирањето.

За потребите во работата со децата од предучилишна возраст напишала повеќе драматизации, приказни, гатанки, песни... тематски приспособени според програмата од воспитно– образовниот процес.

Романот „Балванот – страдалник за самостојна Македонија", го посветила на својот свекор Трајан, бидејќи како што вели, е заслужен да биде споменуван во редовите на храбрите борци кои го жртвувале својот живот и животот на целото семејство за својата татковина. Историските настани што се случувале во минатото за опстанокот на татковината и на македонскиот идентитет, Натка им ги препушта на историчарите, археолозите, географите и сите истражувачи кои со научни аргументи и документи ја кажуваат и потврдуваат вистината за нашето богато историско и културно наследство и минато. А таа во романот едноставно сакала да раскаже за големината на нашиот напатен борец – издржлив страдалец, трудољубив човек кој во себе ја носи исконската љубов кон родната грутка, а таа изртува од длабочините на неговото битие.

Главната личност во романот „Балван" – Трајан Ристов Ордев (Цебов) е еден од многуте политички затвореници, кој бил осуден на 10 годишно лишување од слобода затоа што негов сон била самостојна Македонија. На прашањето од судијата при донесувањето на пресудата во 1947 година: дали се кае за своето злодело? Трајан одговорил: „Јас ништо лошо не сум направил, ниту сум сторил нешто од она што го пишува во пресудата. Тоа не е грев, ниту пак злосторство да си ја сакаш татковината. Каде и да одам, таа е во мојата душа. Јас сум Македонец и се гордеам со името Македонија".

Љубовта кон семејството му давала сила да издржи 7 години во затвор и една година во истражен. А потоа, иако бележан од некои соселани како Балванскиот ВМРОвец, со натамошна мисла и силна желба за самостојна Македонија, неговиот живот и животот на неговата фамилија почнал да се подобрува, носејќи нови радости и нови случувања. Слогата и работата го краселе животот на ова семејство. Во селото Балван изградиле „сарај", во градот – нова кука. Децата станале учени и почитувани граѓани благодарение на трудољубивоста која извирала како непресушен извор од сите во семејството. Тие, неговите деца, внуци и правнуци се најсветлите ѕвезди што му го осветлиле животот, а тој Балванот, ја сочувал цврстината на неговото стебло исправен, со длабоки корени вплени во утробата на мајка Македонија, трпеливо го чекал денот кога ќе ја подигне чашата и гордо ќе рече „Нека ни е вечна Македонија". И, навистина го дочекал 8–ми септември 1991 година и и наздравил на самостојна и независна Македонија. „Да живее Македонија во љубов и мир меѓу народите".

Починал во 2010 година на 89 годишна возраст, а приказната за него останува да живее овековечена во романот „Балван" од неговата снаа Натка Цебова.

**Цветанка Илиева**

# Самотијата тивко убива

Кога се видовме последниот пат пред 2 години, Петар беше обиткан во тага. Од весел, насмеан човек станал намќорест, некомуникативен, непријатен... Со сите почна да се однесува како да се виновни за состојбата во која се наоѓа и во секоја прилика спремен е за кавга. Факт е дека судбината му нанесе тежок удар. Остана сам без неговата животна сопатничка со која делеше и добро и лошо долги години. Деновите минуваа, а тој постојано мислеше на неа, на настаните од минатото... Бракот му беше за пример, исполнет со љубов, разбирање, доверба. Изгледаа две добри деца, кои завршија високо образование. И двете ќерки беа на работа во странство, никако не можеше да им прости што задоцнија на погребот на мајка им.Тој настан уште повеќе ја зголеми болката и тагата.

Кога и да го сретнам, ме исполнуваше и мене чувство на тага и тескоба. Сакав да му помогнам бидејќи и јас имав иста судбина, но незнаев како. Се обидував да го развеселам советувајќи му да се дружи, да шета, да одгледува цвеќиња...

Кога последен пат го видов се изненадив. Петар работеше нешто во својот двор кој личеше на цветна градина полн со зеленило и разнобојни миризливи цвеќиња. Ликот како да му беше сменет. Со нежност и љубов ги гледаше цвеќињата. Во очите му се беше вратила радоста. Почнал да личи на оној некогашен Петар иако една нишка на тага се чувствуваше во неговиот глас додека разговаравме.

Во тој момент од куќата излезе симпатична средовечна жена. Не запозна. Ми раскажаа дека се запознале на една екскурзија која ја организирало нивното здружение на пензионери. И таа е вдовица. И двајцата преживеале иста загуба. Сега се дружат и им е убаво, иако нивните деца тоа него одобруваат.

– Навидум се е во ред, но во душата чувствувам неспокој. Имам пет внуци, а не ми доаѓаат да ги видам. Сите ми се лути иако не ми е јасно зопто?! Зарем немам право на пријатен живот? Јас ли сум виновен што судбината решила така. Прва да почине мајка им?!

Нека се лутат. Само јас знам како ми е да живеам сам. Се надевам дека еден ден ќе се освестат и ќе сватат колку е тешко да си сам и дека самотијата тивко те убива, само се плашам да не биде предоцна.

Додека разговаравме неговата сегашна придружничка го слушаше и климаше со главата како да сакаше да ги потврди неговите зборови. Си заминав срекна заради нив и нивното убаво пријателство и дружење пожелувајќи им од се срце мирни и спокојни пензионерски денови.

**Вукица Петрусева**

# Енергија за повеќе задачи

За енергијата на Димче Галев може цела книга да се напише, а не да се испише само една страница од неа. Затоа сакам да истргнам само дел од неговото животно патување, исполнето со многу радости, и турбуленции, кои секогаш успешно ги совладувал. Многубројни признанија, пофалби и награди што ги добивал, сведочат за успесите што ги постигнувал уште како ученик, како младинец – акцијаш, како работник во Секторот за безбедност и разузнавање во Скопје и сега во ЗВП.



Димче Галев е роден во Велес 1946–тата година, во градот на гемиџиите и првоборците. Во животот научил строго да се придржува кон пропишаните правила и одговорно да ги извршува поставените задачи. Тоа му помогнало во пробивањето на патот што го изодил .Таков бил порано, таков останал и по пензионирањето. Немирниот дух, не му дозволил да се препушти на случувањата. Веднаш се вклучил во активностите на ЗВП и Здружението на армиските и полициските ветерани. Тој поседува посебна динамичност и енергија што му овозможуваат истовремено многу задачи да извршува. Во ЗВП одговорен е за повеќе работи, а претседател е на две комисии и на еден огранок, кој е распослан во три општини во Скопје. Иницијативноста и креативноста му се вродени особини и затоа нему не треба што да му се објаснува и разјаснува, туку само да му се постави задачата и толку: речено – сторено. Димче живее во Скопје, а срцето и душата како да му се во родниот Велес. Затоа, кога ќе му дозволи времето, тој скокнува дотаму за да се сретне со другарите и пријателите, за да се присети на младоста.Таму како да се напојува со нова енергија за задачите што сега со успех ги извршува во Здружението.

**М.Д.**